Бранка
Ангонова

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за буџети и фондови -

Архивски број: 08- 1897/1
Датум: 12-02-2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 18-02-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 17 | 1631/1 | | |

До: Влада на Република Северна Македонија

Предмет: Мислење

Врска: Допис на Министерството за здравство од февруари 2021 година

Почитувани,

Во однос на дописот под горенаведениот број и датум, со кој е доставена Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, Министерството за финансии го дава следното мислење:

Министерство за здравство информира дека ќе спроведе двогодишна јавна набавка за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје во вкупен износ од 212.400.000 денари. Средствата согласно Информацијата ќе се обезбедат од Потпрограмата 1А- Реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РСМ, во која со Буџетот за 2021 година се планирани 194.970.000 денари.

Согласно Образецот за фискални импликации набавката ќе се реализира во 2021 година во износ од 118.000.000 денари и во 2022 година во износ од 94.400.000 денари.

Имајќи ги предвид ограничените буџетски можности, лимитираноста на средствата по години, како и преземените обврски по веќе склучени договори од страна на Министерството за здравство и потенцијалните обврски по основ на други капитални проекти во здравствениот сектор во наредниот среднорочен период, Министерството за финансии укажува ресорното министерство да ја спроведе набавката само доколку оствари заштеди и во рамки на максимално одобрените износи на расходи за соодветни фискални години.

Со почит,

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Доставено и до:
Министерство за здравство

Изработил: Александра Алтиевска-Анѓелиќ
Проверил: Тоше Пановски
Согласен: Тања Трипунова/Аница Иваноска Стрезовски
Одобрил: д-р Јелена Таст

17

Бранка Андонова

## Влада на Република Северна Македонија

Бр.40-2055/1
Скопје, 9 февруари 2021 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2021 година**

**„ТОЧКА 59:** Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско - поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско - поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во Програмата 1А, опфатени со сопствени и буџетски средства во 2021 и 2022 година на Министерството за здравство за набавка на работи, за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје 180.000.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 212.400.000,00 со вклучен ДДВ (18%), со следната динамика на плаќање:

- 2021 година --- 118.000.000,00 денари
- 2022 година --- 94.400.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- Министерство за финансии

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Зоран Брњарчевски/м-р Биљана Цоневска/м-р Ирма Мандева
Согласен: Љубица Р. Димовска/Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски

0.F 17

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
ЗДРАВСТВЕН ДОМ НА СКОПЈЕ-СКОПЈЕ ц.о.
SHTËPIA E SHËNDETIT E SHKUPIT-SHKUP r.q.
Бр.Nr. 03-367/1
01. 02. 2021 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

До Министерство за здравство на РСМ

Кабинет на Министер

Предмет : Барање за замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на

ЈЗУ Здравствен дом Скопје

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме барање со предлог амбуланти во склоп на ЈЗУ Здравствен Дом Скопје , за замена на времени објекти од амбулантско- поликлиничка дејност и предлог за нова амбуланта на територија на општина Кисела Вода .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 03 -02- 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlëra |
| 17 | 1113/1 | | |

1.Амбуланта Бутел

2.Амбуланта Влае

3.Амбуланта Ѓорче Петров 2

4.Амбуланта Тафталиџе

5.Амбуланта Козле

6.Амбуланта Лисиче

7.Амбуланта Аеродром-Пелагонија

8.Амбуланта Автокоманда

9.Амбуланта Карпош

10. Нова амбуланта на територија на општина Кисела Вода

Ви благодариме,

Со почит,

ЈЗУ Здравствен дом на Скопје - Скопје

Директор,

Д-р супспец. Виктор Исјановски d-r sci

Dipl. ekk. Besim Koka

Бр. 23-1431/1

11-02-2021 година

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/2019 и 110/2019), а во врска со член 77 став 1 од Законот за јавни набавки (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 24/2019) и согласно Планот за јавни набавки, Министерот за здравство, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за отпочнување на постапка за јавна набавка на работи:

**Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака”**

1. Се утврдува потреба од јавна набавка на работи, со предмет на набавка: Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака”.

2. Вкупната проценета вредност на набавката од Точка 1 од оваа Одлука изнесува: 180.000.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 212.400.000,00 со вклучен ДДВ (18%), од кои:
   - 118.000.000,00 денари со вклучен ДДВ предвидени во 2021 година, и
   - 94.400.000,00 денари со вклучен ДДВ предвидени во 2022 година.

   Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од буџетот на Министерството за здравство, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, број 40-2055/1 од 09.02.2021 година.

3. Набавката од Точка 1, од оваа Одлука ќе се изврши со спроведување на Отворена постапка преку Електронскиот систем за јавни набавки и ќе заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза, согласно глава III подглавје 1 член 50 и глава III подглавје 2 член 59 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019).

4. Набавката не е делива

5. Критериум за избор на најповолна понуда да биде најниска цена.

6. Се задолжува Комисијата за јавни набавки на Министерството за здравство во состав:


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

1. Вања Андонова – претседател,
2. Дамјан Христов - член,
3. Божин Ложанкоски - член,

заменици на Комисијата за јавни набавки во состав:

1. Тања Пехчевска - заменик претседател,
2. Беким Ламалари - заменик член и
3. Ана Јовева - заменик член

да ја спроведе оваа постапка, согласно член 79 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019).

7. Се ангажираат лицата Виктор Исијановски, Бесим Кока и Зоран Лекиќ од Здравствен дом Скопје, како надворешни стручни лица во постапката, со задача да одговараат на прашања од областа на краен корисник, да ја следат реализацијата на предметот на набавка во делот на трансфер на корисници други обврски утврдени во тендерската документација.

8. По конечноста на Одлуката за избор на најповолна понуда, со избраниот носител на набавката ќе се склучи Договор за јавна набавка на услуги со времетраење од 12 месеци од склучување на договор.

9. За реализација на Договорот по извршената јавна набавка се задолжуваат лицата: Дамјан Христов, Божин Ложанкоски, Митко Танески, Ана Јовева и Љупчо Мијајлески.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД НАБАВКАТА

На територијата на Република Северна Македонија постојат вкупно 308 пунктови за здравствена заштита под 34 здравствени домови и 5 здравствени станици.
На територијата на Град Скопје во мрежата на здравствени установи од примарната здравствена заштита постојат два здравствени дома и три здравствени станици. Во мрежата на медицински единици – места и пунктови во примарната и превентивна здравствена заштита во Градот Скопје активни се 259 служби за општа медицина, три служби за медицина на трудот, 52 служби за здравствена заштита на деца од 0-6 години, шест служби за здравствена заштита на училишни деца и младина и 35

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

служби за здравствена заштита на жени, каде во 2018 година се извршени 4254220 посети согласно податоците на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

Министерството за здравство изврши скрининг на инфраструктурната состојба на објектите од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом – Скопје кои претставуваат времени објекти и биле поставени во пост-земјотресниот период, со цел брзо реновирање на истите. При тоа во скринингот беа опфатени следните објекти: амбуланта Бутел, амбуланта Влае, амбуланта Ѓорче Петров, амбуланта Тафталиџе, амбуланта Козле, амбуланта Лисиче, амбуланта Аеродром-Пелагонија, амбуланта Автокоманда и амбуланта Карпош.

При скринингот на моменталната состојба утврдено е дека сите објекти претставуваат приземни бараки поставени на бетонска подлога подигната од терен, со фасадни и прерградни ѕидови од бондручен систем со дрвена конструкција исполнета со изолација и дрвени завршни панели, дрвена кровна конструкција и кровен покривач од салонти, односно бараките се од монтажен времен карактер. Објектите се постари од 40 години и очигледни се оштетувањата кои се јавуваат во дотраените материјали и инсталации кои со тек на годините престанале да ги извршуваат примарните функции. Условите за работа во објектите се субстандардни што претставува особен проблем за извршување на основната намена, здравствената дејност. По функција, во овие објекти како содржини се опфатени следните: општи ординации, стоматолошки ординации, простории за интервенции, простории за превентива и подготовка, простории за имунизација, аптеки, како и помошно – административни содржини, картотеки, чекални, тоалети, техничка служба и слично.

При скринингот се утврдени и типизирани 4 типа на бараки.

Согласно наведеното, јасна е потребата од брза и целосна реконструкција на наведените објекти, и со таа цел избран е модел за нивна замена со објекти од монтажен модуларен карактер, кои се претходно префабрикувани со користење на нови и современи материјали, по принципот „клуч на рака“. На терен монтажата на овие префабрикувани модули се одвива по системот на сува градба за што временските услови немаат особено влијание. Како карактер истите претставуваат времени објекти поточно објекти за кои не се издава одобрение за градење и се издава решение пропишано во членот 74 од Законот за градење.

**МИНИСТЕР**

**Д-р ВЕНКО ФИЛИПЧЕ**

........................................

Подготвил: Вања Андонова

Контролирал: Тања Пехчевска



Министерство за здравство на
Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ

**ОТВОРЕНА ПОСТАПКА**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ**

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА:**

**ЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ**

**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

*Скопје, февруари 2021 година*

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ

**ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА**

Почитувани,

Договорниот орган Министерство за здравсто, со адреса на ул. 50 Дивизија бр.14, телефон за контакт ++389 2 311 2500, факс ++389 2 311 3014, електронска адреса kontakt@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса www.moh.gov.mk, има потреба од набавка на јавна набавка на работи, **за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје.**

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи со отворена постапка, во согласност со член 50 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/19).

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до денот даден како краен рок во ЕСЈН, (по локално време) исклучиво преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), притоа следејќи ги упатствата дадени во “Прирачник за користењена ЕСЈН“ објавен на истата веб адреса во делот "Економски оператори".

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, задолжителни одредби што ќе ги содржи договорот за јавна набавка, изјава за сериозност на понудата, образец на понудата и останати обрасци согласно содржината на понудата.

Понудата испратена преку ЕСЈН треба да биде електронски потпишана од страна на економскиот оператор со користење на дигитален сертификат[1]. Во хартиена форма може да се поднесе исклучиво документација во нестандарден формат и големина, пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

Отворањето на понудите ќе биде јавно, по електронски пат преку ЕСЈН во време и место определено како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН.

Однапред благодариме на соработката.

Одговорно лице

[1] Електронско средство во кое се јавува електронскиот потпис и кое го заменува своерачниот потпис.

Д-р Венко Филипче

....................

I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа тендерска документација го имаат следново значење:

- „**Договор за јавна набавка**“ е договор склучен вописмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи чиј предмет еснабдување стоки, обезбедување услуги или изведување градежни работи;
- „**Постапка за јавна набавка**“ е постапка што јаспроведуваат еден или повеќе договорни органи, чијацел или дејство е купување или стекнување стоки, услуги или работи;
- „**Договор за јавна набавка на стоки**“ е договор зајавна набавка чиј предмет е набавка на една или повеќестоки, преку купување веднаш, купување со одложеноплаќање или изнајмување со или без опција за купувањена стоката. Договорот за јавна набавка на стоки може давклучува и услуги за нивно поставување и вградување;
- „**Договор за јавна набавка на услуги**“ е договор зајавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освеноние од точка 5 на овој став;
- „**Договор за јавна набавка на работи**“ е договорза јавна набавка чиј предмет е:

  а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности;

  б) изведување градба или проектирање и изведување градба и

  в) реализација на градба со какви било средства,според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;

- „**Економски оператор**“ е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и ситепривремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи;
- „**Понудувач**“ е економски оператор кој поднелпонуда;
- „**Кандидат**“ е економски оператор кој бара даучествува или е поканет да учествува во ограниченапостапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, постапка сопреговарање без објавување оглас, конкурентен дијалог или во партнерство за иновации;
- „**Подизведувач**“ е правно или физичко лице коеза понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги

или изведува работи штосе директно поврзани со извршувањето на договоротили рамковната спогодба;

- „**Тендерска документација**“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или сеутврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичнотоиндикативно известување кое се користи како заменаза оглас за јавна набавка, техничките спецификации,описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;
- „**Прифатлива понуда**" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдувањеспособност, потребите и барањата на договорниот органнаведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;
- „**Несоодветна понуда**“ е понуда која не одговарана потребите и барањата на договорниот орган утврдениво тендерската документација без значителни промени;
- „**Несоодветна пријава за учество**“ е пријава заучество поднесена од кандидат кој треба да се исклучибидејќи не ги исполнува условите за утврдување способност во постапката;
- „**Централизирани набавни активности**“ се активности што се извршуваат континуирано во еден од следниве облици:
  а) набавка на стоки и услуги наменети за повеќе договорни органи или

  б) доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи наменетиза повеќе договорни органи;

- „**Помошни набавни активности**“ се активностиза поддршка на договорниот орган при вршење на неговите набавки, особено во следниве форми:
  а) техничка инфраструктура која на договорниот орган му овозможува доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи и/или

  б) советување во врска со осмислувањето или спроведувањето на постапките за јавни набавки;

- „**Централно тело за набавки**“ е договорен орган кој врши централизирани набавни активности и помошни набавни активности;
- „**Единствен документ за докажување на способноста**“ е документ што го издава Централниот регистар на Република Македонија и што содржи податоци со кои се докажуваат елементи од способноста на економскиот оператор;
- „**Писмено**“ или „**во писмена форма**“ е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што

се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;

- „**Електронско средство**“ е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;
- „**Животен век**“ се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи ги потребните истражување и развој, производство, трговија согласно со условите, превоз, користење и одржување во текот на постоењето на производот или градбата или обезбедувањето на услугата, од стекнување на суровината или генерирање на ресурсите до расходување, уништување или завршување на услугата или употребата;
- „**Конкурс за избор на идејно решение**“ е постапка која му овозможува на договорниот орган, главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, да добие план или проект, кој ќе го избере жири комисија по распишување конкурс со или без доделување награди;
- „**Иновација**“ е имплементација на нов или значително подобрен производ, услуга или процес, вклучувајќи ги процесите на производство и изградба, нов метод на пласман на пазарот или нов метод на организација во деловната пракса, организација на работното место или организација на надворешните односи, со цел да се помогне во решавањето на општествените предизвици;
- „**Ознака**“ е секој документ, уверение или потврда што потврдува дека стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките ги исполнуваат утврдените барања;
- „**Услови за добивање ознака**“ се услови кои стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките мора да ги исполнуваат за да добијат одредена ознака;
- „**Класичен јавен сектор**“ е јавниот сектор кој не е опфатен со секторските дејности;
- „**Секторски дејности**“ се дејности од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот и поштенските услуги, кои се опфатени во членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;
- „**Технички спецификации**“ се:

во случај на јавна набавка на работи, збир на технички прописи содржани во тендерската документација со кои се дефинирани потребните карактеристики на материјалите, производите или стоките за да одговараат на употребата што му е потребна на договорниот орган; тие карактеристики вклучуваат влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и постапките за обезбедување квалитет, терминологијата, симболите, методите на тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на градбата; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила од проектот и правила за процена на трошоците, услови за тестирање, за инспекција и за прием на изведените работи, градежните методи или техники, како и сите

други технички услови што договорниот орган има право да ги пропише во согласност со општите и посебните прописи во врска со градбата и вклучените материјали или деловите

- „**Стандард**“ е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признаено тело со кој, заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уредност во определено подрачје, и тоа:
  а)„меѓународен стандард“ е стандард усвоен од меѓународна организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста,

  б) „европски стандард“ е стандард усвоен од европска организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста и

  в) „национален стандард“ е стандард усвоен од национално тело за стандардизација и е достапен на јавноста;

- „**Техничка референца**“ е секој документ кој не е европски или национален стандард, а е издаден од национално или европско тело за стандардизација, кој е во согласност со постапки прилагодени на потребите на пазарот;
- „**Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)**“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;
- „**Електронски пазар на набавки од мала вредност**“ е електронска платформа во вид на електронски каталог со која управува Бирото за јавни набавки и која се користи за набавки од мала вредност согласно со условите од овој закон;
- „**Динамичен систем за набавки**“ е систем кој се воспоставува како целосно електронски процес отворен во текот на целото времетраење за сите економски оператори што ги исполнуваат критериумите за утврдување способност, а кој се користи за вообичаени набавки кои се општо достапни на пазарот и кои ги исполнуваат потребите на договорниот орган;
- „**Еквивалентно**“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;
- „**Пазарна цена**“ е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично;
- „**Заеднички поимник за јавни набавки CPV (во натамошниот текст: ЗПЈН)**“ е единствен класификациски систем на номенклатури на стоки, услуги и работи што се применува во постапките за јавни набавки и кој обезбедува еднообразност со останатите постојни номенклатури за стоки, услуги и работи;
- „**Рамковна спогодба**“ е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги

регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените количини;

- „**Одговорно лице кај договорниот орган**“ е функционер кој раководи со државен орган, градоначалник на единицата на локалната самоуправа или директор на правно лице;
- „**Посебно или ексклузивно право**“ е право доделено од надлежен орган врз основа на закон, подзаконски пропис или акт на управата, со кое се ограничува вршењето секторски дејности на еден или повеќе субјекти и кое значително влијае врз можноста други субјекти да вршат такви дејности;
- „**Државни органи**“ се органите на државната управа и органите на законодавната и судска власт;
- „**Електронски каталог**“ е организирана описна листа на стоки или услуги што ги нудат економските оператори преку ЕСЈН;
- „**Тело за оценка на сообразност**“ е тело кое извршува дејности за утврдување сообразност, вклучително и калибрирање, тестирање, сертифицирање и инспекција, акредитирано согласно со материјалните прописи и
- „**Алтернативна понуда**“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.


Министерство за здравство на Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје +389 2 3112500

## 1.1. Договорен орган

1.1.2 Договорен орган е Министерството за здравство, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс 0038923112500 ++389 2 311 3014 електронска адреса kontakt@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса: www.moh.gov.mk

1.1.3 Лице за контакт кај договорниот орган е Тања Пехчевска, електронска адреса tanja.pehceska@zdravstvo.gov.mk.

## 1.2 Предмет на договорот за јавна набавка

1.2.1 Предмет на договорот е јавна набавка на работи, за **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје,** по моделот "клуч на рака".
Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

- Изработка на основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење
- Припремни работи, демонтажа и рушење
- Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер
- Поставување на модуларната градба или група на модуларни градби

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација.

1.2.2 Предметот на договорот е **неделив**. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни елементи од техничката спецификација. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

## 1.3 Вид на постапка за доделување на договор за јавна набавка

1.3.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на отворена постапка.

1.3.2 Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

1.3.3 Подетални информации за користењето на електронски средства:
За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате дигитален сертификат. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН, по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори".

## 1.4 Посебни начини за спроведување на постапката

1.4.1 Оваа постапка ќе заврши со спроведување на електронска аукција.
Подетални информации за електронската аукција:

- Договорот за јавна набавка ќе се додели со користење електронска аукција со цел добивање нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите.
- Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.
- Поканите за учество на аукцијата ќе се доставаат во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди.
- Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена во поштенското сандаче на корисничкиот профил на ЕСЈН, на лицето кое ќе поднесе понуда за соодветната постапка по електронски пат.
- Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди.
- Сите понудувачи што поднеле прифатливи понуди, истовремено ќе се поканат да доставаат нови цени.
- Сите понудувачи во секоја фаза од аукцијата ќе имаат пристап до информациите кои ќе им овозможат во секое време да го утврдат својот ранг.
- Доколку во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе.
- По завршувањето на електронската аукција, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).

## 1.5 Применливи прописи

1.5.1 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/19) и донесените подзаконски акти.

1.5.2 При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа и од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16,

71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20 и 279/20).

1.5.3 Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни
приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноцит е и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа.

**1.6 Општи мерки за спречување на корупцијата**

1.6.1 Договорниот орган, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

**1.7 Извор на средства**

1.7.1 Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од сопствени средства Програма 1А, Сметка: 190010043463710 и Сметка: 190010043478719 на Министерство за здравство

## 2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**2.1. Достапност на тендерската документација**

**2.1.1.** Тендерската документација е достапна на секој заинтересиран економски оператор преку ЕСЈН во формат кој економските оператори може директно да го користат.

**2.2. Појаснување на тендерската документација**

**2.2.1.** Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација преку модулот „Прашања и одговори“ на ЕСЈН, најмалку осум (8) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

**2.2.2.** Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, без да го открие идентитетот на економскиот оператор кој го поставил прашањето, за што економските оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање.

**2.2.3.** Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од 6 (шест) дена од крајниот рок за поднесување на понудите.

**2.3. Измена и дополнување на тендерската документација**

**2.3.1.** Договорниот орган може, во роковите од точка 2.2.3 од оваа ТД, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

**2.3.2.** Соодветно на сложеноста на измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган има право да го продолжи крајниот рок за доставување на понудите во последните 8 (осум) дена пред јавното отворање на понудите.

**3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА**

**3.1. Право на учество**

**3.1.1.** Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.

**3.1.2.** Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма.Составен дел на групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување  на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- Членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- Членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- Членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата
- Краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- Други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

**3.1.3.** Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

**3.1.4.** Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку:

- е носител на групата економски оператори,
- групата економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување на способност што се барале во постапката без тој член или
- Другите членови од групата солидарно не ги преземат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

**3.1.5.** Договорниот орган, по извршениот избор на најповолна понуда, од групата економски оператори може да побара, тие да се здружат во соодветна правна форма заради извршување на договорот.

**3.1.6.** Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот. Учеството во техничкиот дијалог не се смета за учество во изработка на тендерската документација.

**3.1.7.** Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца нема право на учество во постапката согласно со член 101 став 7 од Законот.

**3.1.8.** Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда или во една пријава за учество. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда/пријава за учество или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда/пријава за учество.

**3.1.9.** Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

**3.1.10.** За да учествува во постапката, економскиот оператор треба да се регистрира во ЕСЈН и да поседува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН.

***Напомена:*** *Во моментот на поднесување на групна понуда сите членови на групата треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.*

### 3.2. Подизведување

**3.2.1.** Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

**3.2.2.** Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

**3.2.3.** Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,

- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

**3.2.4.** Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 3.2.2 од оваа Тендерска документација.
**3.2.5.** Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:
- во случаите од алинеи 1 и 2 од потточка 3.2.3 од оваа Тендерска документација, доколку носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од алинеја 3 од потточка 3.2.3 од оваа Тендерска документација, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

**3.2.6.** Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.
**3.2.7.** За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.
**3.2.8.** Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, при што:
- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

**3.2.9.** Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**3.3. Трошоци за поднесување на понуда**

**3.3.1.** Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**3.4. Јазик на постапката**

**3.4.1.** Тендерската документација е достапна на македонски јазик.

**3.4.2.** Понудата како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик односно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.3.** Придружната документација (за утврдување способност) се доставува на македонски јазик односно, на јазик на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.4.** Документацијата за квалитативен избор се доставува на македонски јазик одосно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.5.** Договорот за јавна набавка ќе биде склучен на македонски јазик .

**3.5. Спречување на судир на интереси**

**3.5.1.** За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

**3.5.2.** Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за јавна набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.
Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице, се придржуваат кон Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, донесен од Министерот за финансии, и потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

**3.5.3.** Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

**3.5.4.** Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или вработените кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот.

**3.6. Начин на комуникација помеѓу договрниот орган и економските оператори**

**3.6.1.** Секоја комуникација и размена на информации согласно со одредбите на Законот за јавните набавки, а особено поднесувањето на понудите или пријавите за учество, се вршат со користење електронски средства преку ЕСЈН(https://www.e-nabavki.gov.mk).

**3.6.2.** Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

**3.6.3.** Начинот на поднесување на понудата е утврден во точка 4 од оваа Тендерска документација ”Подготовка и поднесување на понудите”.

**3.6.4.** По исклучок , договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН во следниве случаи:

- доколку поради посебна природа на предметот на набавка, за користење електронски средства преку ЕСЈН би биле потребни одредени алатки, уреди или формати на датотеки што не се широко достапни или што не се поддржани од општо достапниот софтвер;
- доколку за програмите кои ги поддржуваат форматите на датотеки погодни за опис на понудите се користат формати на датотеки кои не можат да бидат обработени од страна на кој било друг отворен или општо достапен софтвер, или доколку истите се заштитени со лиценца и договорниот орган не може да обезбеди нивно преземање или користење оддалеку;
- доколку со тендерската документација се бара поднесување мостри и макети кои не може да се поднесат по електронски пат.

**3.6.5.** Комуникацијата која согласно со случаите од потточка 3.6.4 не се врши со користење електронски средства преку ЕСЈН, се врши лично, преку овластен давател на поштенски услуги или преку друга соодветна курирска служба или во комбинација со користење електронски средства преку ЕСЈН.

**3.6.6.** По исклучок од потточка 3.6.1, договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН при поднесувањето на понудата, доколку користењето друг начин на комуникација е неопходен, поради нарушување на безбедноста на ЕСЈН, или поради заштита на безбедносно-осетливи информации кои бараат ниво на заштита кое не може соодветно да се обезбеди со користење електронски средства преку ЕСЈН.

## 4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1. Содржина на понудата

4.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација во електронска форма и се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда;
- пополнет образец на технички дел на понудата и друга техничка документација за докажување на исполнетоста на критериумите и барањата од техничката спецификација;
- документација со која се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката;
- документација со која се докажува дека се исполнети условите за квалитативен избор;
- изјава за сериозност;
- листа на доверливи информации;

- изјава за обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот;
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори) и
- други документи: каталози, брошури и слично, како доказ за исполнување на минималните технички спецификации.

4.1.2 Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува врз основа на електронските обрасци на понуда дадени во оваа тендерска документација. Доколку на дадениот образец на понуда во оваа тендерска документација економскиот оператор не може целосно и сеопфатно да ја изрази својата понуда, може да достави дополнение на својата понуда како посебен документ. Понудата поднесена на образец на понуда кој не ги содржи сите елементи согласно тендерската документација може да биде отфрлена како неприфатлива.

4.1.3 Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, согласно оваа ТД.

**4.2. Јазик на понудата**

**4.2.1.** Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик односно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.2.** Придружната документација (за утврдување способност) се доставува на македонски јазик, јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.3.** Документација за квалитативен избор се доставува на македонски јазик, јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.4.** Договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба ќе биде склучен на македонски јазик.

**4.3. Цена на понудата**

**4.3.1.** Економскиот оператор во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената за секој дел поединечно.

**4.3.2.** Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени увозни царини без ДДВ.

**4.3.3.** Економскиот оператор понудената цена задолжително ја внесува и во ЕСЈН преку веб образецот „Поднеси понуда“, панел „Податоци од понудата“, во полето за внесување на цената. Цената на понудата се пишува со бројки и букви. Доколку понудата е поднесена од странски економски оператор, цената на понудата покрај со бројки, се пишува и со букви на англиски јазик.

**4.4. Валута на понудата**

**4.4.1.** Цената на понудата се изразува во денари. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите. Курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на

Република Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

**4.5. Период на важност на понудата**

**4.5.1.** Периодот на важност на понудата ќе изнесува 120 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот работен ден. Понудите кои содржат покусопериодна важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документацијаќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**4.5.2.** Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.6. Гаранција на понудата**

**4.6.1.** Како дел од понудата економскиот оператор задолжително обезбедува гаранција на понудата (гаранција за учество) во износ од најмалку 3 % од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ. Гаранцијата е во форма на банкарска гаранција. За договорниот орган се прифатливи сите банки.

**4.6.2.** Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

**4.6.3.** Гаранцијата треба да е поднесена во оригиналната форма и кај постапките кои се спроведуваат по електронски пат. Скенирани/Копии не се прифаќаат. Гаранцијата може да се поднесе во хартиена форма на начин утврден во оваа тендерска документација, до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите. Доколку гаранцијата е достапна во оригинална електронска форма /електронска гаранција/ истата се прикачува преку ЕСЈН заедно со понудата и придружната документација. Гаранцијата мора да има рок на важност најмалку 14 дена по денот на истекот на важноста на понудата. Секоја понуда што не содржи гаранција на понудата, или содржи гаранција на понудата која не е во согласност со условите во тендерската документација, ќе биде отфрлена од страна на договорниот орган како неприфатлива.

**4.6.4.** Гаранцијата на понудата на неуспешните економски оператори се враќа во рок од 7 дена по склучување на договорот со најповолниот економски оператор.

**4.6.5.** Гаранцијата на понудата може да се наплати, ако

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

**4.6.6.** Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на

исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

**4.7. Гаранција за квалитетно извршување на договорот:**

**4.7.1.** Понудувачот кој ќе биде избран за најповолен понудувач-страна на рамковната спогодба е должен да достави по потпишувањето на поединечниот договор во рок не подолг од 5 (пет) дена, гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5 % од вкупната вредноста на договорот со вклучен ДДВ.

**4.7.2.** Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот се доставува до Договорниот орган.

**4.7.3.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 14 дена.

**4.7.4.** Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

**4.7.5.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

**4.7.6.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по потпишување на секој поединечен договор во рок од 10 дена од потпишување на договорот.

**4.7.7.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта, архива или лично на лицето за контакт кое ќе биде назначено од договорниот орган.

**4.7.8.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена од страна на договорниот орган доколку ЕО не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

**4.7.9.** Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

**4.7.10.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

**4.8. Гаранција за авансно плаќање:** Во оваа постапка не е предвидено авансно плаќање

**4.8.1. Форма, потпишување и начин на поднесување на понудата**

**4.8.1.1.** Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот операторили лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од

одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во приракчникот "Општи и технички препораки за користењена ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

**4.8.1.2.** Дополнителни информации за користењето на дигитални сертификати: Понуда се потпишува електронски со употреба на дигитален сертификат, кој е издаден од регистриран издавач на сертификати во Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Дигиталниот сертификат треба да биде со важностнајмалку до моментот на јавното отворање.

Странски економски оператор може електронски да ја потпише понудата со употреба на квалификуван дигитален сертификат, кој е издаден од регистриран издавач на сертификати со седиште во Европска унија.

Во случај на употреба на квалификуван сертификат издаден од издавач со седиште во трета земја, сертификатот може да се смета за валиден доколку е исполнет еден од следните 3 услова:

- Издавачот ги исполнува условите за квалификуван сертификат пропишани со Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 6/02 и 98/08) и е доброволно акредитиран во Европската унија или
- Регистриран домашен издавач гарантира за странскиот сертификат како да го издал самиот или
- Така да е договорено со билатерален или мултилатерален меѓународен договор склучен помеѓу Република Македонија и друга земја или меѓународна организација.

Комисијата го задржува правото доколку во текот на евалуацијата се посомнева во валидноста на употребениот сертификат или издавачот на сертификати да побара дополнителни информации или документи со кои ќе се докаже валидноста на сертификатот. За да се избегнат технички пропусти при утврдување на валидноста на сертификатот , препорачливо е економскиот оператор во понудата да наведе со кој софтверски пакет (Microsoft Office 2003, 2007, 2010, OpenOffice итн.) се потпишани документите.

Носител на дигиталниот сертификат со кој се потпишуваат документите кои се составен дел на понуда (финансиска и техничка понуда, изјави), задолжително треба да биде овластениот потписник на економскиот оператор или лице ополномоштено од овластениот потписник.

Полномошното ќе се смета за валидно доколку е приложено во:

а) електронска форма потпишано со дигитален сертификат на управителот или
б) во скенирана форма, со печат и своерачен потпис на управителот.

Понуди потпишани со дигитален сертификат чиј носител е лице кое нема никакво овластување за потпишување на понуда, ќе бидат отфрлени како понуди со формални недостатоци.

**4.9. Начин на доставување на придружната документација**

**4.9.1.** Економскиот оператор придружната документација ја доставува преку ЕСЈН, во скенирана електронска форма.

**4.9.2.** Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН. Бараната придружна документација која не е достапна во електронска форма, се доставува во хартија во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- Е адресиран со точна адреса на договорниот орган
- Содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- Во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај", за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

**4.10.Краен рок и место за поднесување на понудите**

**4.10.1.** Краен рок за доставување на понудите е во време и место определено како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН.

**4.10.2.** Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

**4.10.3.** Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган иекономскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

**4.10.4.** Документите кои ЕО ги доставува во хартиена форма треба да бидат доставени заклучно со истиот краен рок од Точка 4.8.2 од ТД.

**4.11.Алтернативни понуди**

**4.11.1.** Во оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка не се дозволени алтернативни понуди.

**4.12. Измена, замена и повлекување на понудата**

**4.12.1.** Понудувачите можат да ги изменат, заменат или повлечат своите понуди по поднесување на понудата, под услов измените, замените или повлекувањата да се добиени од договорниот орган пред крајниот рок за поднесување на понудите наведен во точка 4.9.1

**4.12.2.** Измените, замените и повлекувањата на понудите се спроведуваат преку ЕСЈН во модулот „Поднеси понуда“, со додавање на нови документи, бришење на веќе поднесени документи или целосно повлекување на понудата.

**4.12.3.** Понудата не може да биде изменета, заменета или повлечена по крајниот рок за поднесување на понудите предвиден во точка 4.9.1

**4.12.4.** Доколку со тендерската документација се бара доставување на гаранција на понуда, повлекувањето на понудата во периодот помеѓу крајниот рок за поднесување на понудите и истекувањето на периодот на важност на понудата ќе резултира со наплатување на гаранцијата на понудата и/ издавање на негативна референца.

**4.13. Отворање на понудите**

**4.13.1.** На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

**4.13.2.** Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

**4.13.3.** Овластените претставници на економските оператори на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор. Сите овластени претставници на економските оператори, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

**4.13.4.** Јавното отворање ќе се одржи во време и место определено како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН, на адреса на ул. 50 Дивизија бр.14, Министерство за здравство на Република Северна Македонија.

**4.13.5.** Доставените понуди се отвораат согласно Законот за јавните набавки и тоа: една по една, со читање на името на економскиот оператор, при што се констатира дали понудите се доставени според тендерската документација и дали се електронски потпишани, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени, освен понудите, кои согласно Законот за јавните набавки, се исклучуваат од натамошната постапка. После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата, вклучувајќи какви било попусти и постоењето на гаранција на понудата. Само попустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите.

**4.13.6.** Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

**4.13.7.** Во текот на отворањето на понудите се води записник од отворањето на понудите.

**4.13.8.** Записникот од јавното отворање на понудите по прикачувањето на ЕСЈН е достапен до понудувачите.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

### 5.1. Услови за утврдување способност

**5.1.1.** При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат **причини за исклучување од постапката**
- дали се исполнети условите за **квалитативен избор**

### 5.2. Утврдување на причини за исклучување од постапката

**5.2.1.** Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

**5.2.2.** Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

- кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

**5.2.3.** Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

**5.2.4.** Договорниот орган ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка:

- доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за

заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

- доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, наплата на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, барање оштета, барање наплата пенали/договорна казна, или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;
- доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

**5.3. Докажување на способноста дека не постојат причини за исклучување од постапката**

**5.3.1.** Економските оператори доставуваат **единствен документ за докажување на способноста** и/или потврди, изјави и други документи како доказ дека не постојат причини за исклучување од постапката.

**5.3.2.** Како документи дека не постојат причини за исклучување од точка 5.2 од оваа ТД договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

- во врска со точка 5.2.1 изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
- во врска со точка 5.2.2 потврда издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
- во врска со точка 5.2.3, извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

**5.3.3.** Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од точка 5.3.2 од оваа ТД или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на ЗЈН, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган (нотар или сл.) во која ќе појасни кои документи не се издаваат, кои евентуално документи се издаваат како замена на бараните, и истите ќе ги достави.

**5.3.4.** Документите од точките 5.2.1 и 5.2.2 не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

**5.3.5.** Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата способноста за неисклучување од постапката.

**5.3.6.** Доколку економскиот оператор или групата економски оператори користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, доставува документација за утврдување способност за неисклучување од постапката, за секој од предложените подизведувачи.

**5.3.7.** Договорниот орган задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи.

### 5.4. Утврдување на условите за квалитативен избор на економските оператори

За да ги докаже условите за квалитативен избор економскиот оператор треба да исполни условите за квалитативен избор :

- Економска и финансиска способност
- Способност за вршење професионална дејности
- Техничка и професионална способност и
- Стандарди за системи за квалитет

#### 5.4.1. Економска и финансиска способност

**5.4.1.1.** Економскиот оператор треба да ги исполнува следните услови од економската и финансиската способност:

- Минимум годишен вкупен приход во висина од НЕ помалку 120.000.000,оо денари за последните 3 (три) фискални години. Во случај на група на економски оператори, приходот ќе се пресметува како вкупен приход на групата економски оператори за соодветните финансиски години, и при тоа секој член од групата на економски оператори мора индивидуално да исполнува 20% од овој критериум.

**5.4.1.2**. Како доказ за квалификување како способен за извршување на предметниот договор од аспект на неговата економска и финансиска способност, економскиот оператор го докажува задолжително со доставување на следните документи:

- **Извод** од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, специфичен приход остварен во областа поврзана со предметот на јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации како доказ за позитивно финансиско работење.

- **Извештај за билансот на состојба** издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран.

**5.4.1.3**. Ако економски оператори поднесат пријава за учество како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата

### 5.4.2. Способност за вршење професионална дејност

**5.4.2.1.** Економскиот оператор треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
- Економскиот оператор треба да ги исполнува и посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот.

**5.4.2.2.** За докажување на исполнување на условите за професионална дејност економскиот оператор задолжително доставува:

- **Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД)** како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија
- **Доказ издаден од надлежен орган** за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка односно најмалку **Лиценца "Б" за проектирање и изведба на објекти** издадена од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот.

### 5.4.3. Техничка и професионална способност

**5.4.3.1.** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **Понудувачот да има реализирано** минимум 3 (три) договори за изведба на проекти од сличен карактер, од кои 1 (еден) да е од областа на здравството со минимална бруто развиена површина од 700м2, без ограничување на времето кога се извршени услугите или соодветните испораки на стоки и работи.
- **Да располага со стручен и технички** персонал и технички органи за извршување на предметот на набавката.
- **Да има ангажирано минимум** две екипи работници кои ќе бидат истовремено ангажирани за реализација на предметната набавка,
- **Известување за елементите** на договорот кој економскиот оператор има намера да ги отстапи на подизведувач.
- **Да обезбеди гаранција на опремата** од најмалку 2 (две) години, сметано од денот на примопредавање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис;
- **Опремата, предмет на набавка, да биде нова и неупотребена.**

**5.4.3.2.** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 5.4. со доставување на:

- **Референтни листи или список** на испораки со копија од склучени договори или потврда од краен корисник за изведба на проекти од сличен карактер, за реализирани минимум 3 (три) договори, од кои 1 (еден) да е од областа на здравството со бруто развиена површина од најмалку 700 м2, со наведена бруто развиена површина
- **Список на ангажиран стручен** и технички персонал и и технички органи за извршување на предметот на набавката.
- **Изјава** дека има ангажирано минимум две екипи работници кои ќе бидат истовремено ангажирани за реализација на предметната набавка,
- **Изјава/договор** за соработка со која ќе се докаже дека економскиот оператор кој ќе користи капацитети од други субјекти ги има на располагање потребните ресурси за извршување на договорот.
- **Изјава дека ќе обезбеди гаранција на опремата** од најмалку 2 (две) години, сметано од денот на примопредавање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис;
- **Изјава со која потврдува** дека опремата, предмет на набавка, ќе биде нова и неупотребена.

**5.4.3.3.** Доказите од точка 5.4.3.2 ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган.

Економскиот оператор е должен да му обезбеди пристап на договорниот орган во евиденција на персоналот кој ќе биде ангажиран за предметната набавка. Во случај да бидат затекнати други лица при изведба на работите од оние кој ќе бидат прикажани од економскиот оператор во понудата , договорниот орган има право на раскинување на договорот, а против економскиот оператор ќе бидат превземени понатамошни дејства согласно законот за јавни набавки и законот за облигациони односи.

**5.4.3.4.** Техничката и професионална способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект.

**5.4.3.5.** Економскиот оператор во постапката може да користи способност на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовни и стручни

квалификации или релевантно стручно искуство **само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност.**

**5.4.3.6.** Ако економскиот оператор ја докажува својата техничката и професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните ресурси.

**5.4.3.7.** Субјектот чија способност ја користи економскиот оператор треба да ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и причините за негово (не)исклучување.

**5.4.3.8.** Против субјектот кој ја обезбедува техничката и професионална способност поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

**5.4.3.9.** Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, техничката и професионална способност се докажува во согласност со 5.4.2.4, 5.4.2.5, 5.4.2.6, 5.4.2.7 и 5.4.2.8.

Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, техничката и професионална способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата.

**5.4.3.10.** Договорниот орган го задржува правото во фаза на евалуација дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи/ докази, со увид на само место или на друг соодветен начин.

### 5.4.4. Стандарди за системи за квалитет

**5.4.4.1.** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговите стандарди за систем за квалитет, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **ISO 9001:2015 Quality Management** System или „еквивалентно"
- **Сертификат за Безбедност и здравје на работно место OHSAS 18001 или „еквивалентно"**

**5.4.4.2.** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 5.4.4.1 со доставување на:

- **Сертификат ISO 9001:2015** Quality Management System стандард или „еквивалентно"
- **Сертификат за Безбедност и здравје на работно** место OHSAS 18001 или „еквивалентно"

Според принципот за заемно признавање, договорниот орган ги прифаќа еквивалентните сертификати издадени од тела основани во земјите членки на Европската Унија.

### 5.4.5. Стандарди за управување со животна средина

**5.4.5.1** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговите стандарди за управување со животна средина, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **ISO 14000 Environmental** Management System или „еквивалентно".

**5.4.5.2** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 5.4.4.1 со доставување на:

- **Сертификат ISO 14000** Environmental Management System или „еквивалентно"

**5.5. Критериум за доделување на договор за јавна набавка**

За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда е оценета како прифатлива и чија понуда е економски најповолна понуда утврдена врз основа на Цената.

**5.5.1.** Кај овој критериум за избор на најповолна понуда не се користат бодови, туку се врши рангирање на вкупните цени на понудите.

**5.6. Евалуација на понудите**

**5.6.1.** Кај отворената постапка, комисијата, најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Истовремено, согласно со член 101 став 13 од законот, на ЕСЈН ја проверува листата на издадени негативни референци.

**5.6.2.** При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.

**5.6.3.** Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.

**5.6.4.** Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.

**5.6.5.** Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик.

**5.6.6.** Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со критериумите наведени во тендерската документација.

**5.6.7.** По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**5.7. Заштита на податоци**

**5.7.1.** Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои економскиот оператор ги има означено како доверливи, особено кога станува збор за деловна тајна или се утврдени како класифицирана информација, освен доколку со Законот за јавни набавки или друг закон не е поинаку уредено.

**5.7.2.** Договорниот орган ќе обезбеди заштита на податоците, кои во согласност со прописите за заштита на личните податоци или заштита на класифицираните информации се сметаат за лични или за класифицирани информации.

**5.7.3.** Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или

трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.

**5.7.4.** Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

**5.7.5.** За таа цел, економскиот оператор треба да направи листа на доверливи информации со користење на Образецот на листа на доверливи информации даден во прилог на оваа тендерска документација, и истата да ја достави заедно со својата понуда.

**5.7.6.** Доколку економскиот оператор не ја достави листата на доверливи информации заедно со својата понуда, договорниот орган ќе смета дека предметната понуда не содржи информации од доверлив карактер.

**5.7.7.** По конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката, сите документи од постапката за јавна набавка, освен податоците кои се деловни тајни, класифицирани информации и лични податоци се сметаат за информации од јавен карактер.

**5.7.8.** Пред конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката не се применуваатпрописите кои го уредуваат пристапот до информации од јавен карактер.

**5.8. Доверливост на процесот на евалуација на понудите**

**5.8.1.** Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на економските оператори или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

**5.9. Невообичаено ниска цена**

**5.9.1.** Договорниот орган бара од економскиот оператор, во примерен рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на услугите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.

**5.9.2.** Договорниот орган, во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста напонудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе

од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.

**5.9.3.** Објаснувањето од претходната точка особено се однесува на:

- економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на услугите,
- оригиналноста на услугите понудени од страна на понудувачот,
- исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од Законот за јавни набавки,
- исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

**5.9.4.** Договорниот орган ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од претходната точка.

**5.9.5.** Договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Северна Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции кои се ратификувани во Република Северна Македонија.

**5.9.6.** Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде прифатена ако по барање дополнителни појаснувања, понудувачот докаже дека му била доделена државна помош во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**5.10. Исправка на аритметички грешки**

**5.10.1.** Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови.
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

**5.10.2.** Комисијата за јавни набавки ќе ги корегира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

**5.10.3.** Ако економскиот оператор не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена,ќе биде активирана гаранцијата на понудата и ќе објави негативна референца.

# 6. ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА/ ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПОНУДУВАЧИТЕ/ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## 6.1. Одлука за избор на најповолна понуда

**6.1.1.** Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

**6.1.2.** Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

**6.1.3.** Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

**6.1.4.** Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

## 6.2. Доделување на договор за јавна набавка

**6.2.1.** Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

**6.2.2.** Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудитево конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

**6.2.3.** Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

**6.2.4.** Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда **во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор**, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

**6.2.5.** Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи

договорсо следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**6.2.6.** Договорниот орган, по спроведената електронска аукција,договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

**6.2.7.** Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена најповолна ќе биде избрана **порано поднесената понуда**.

**6.2.8.** Доколку во текот на постапката за доделување договор за јавна набавка, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов понудената цена да не е понеповолна од реалните цени на пазарот и да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со Законот за јавните набавки.

**6.2.9.** По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата). По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, избраниот понудувач ќе има обврска да го распредели намалениот износ на вкупната цена во споредба со првично понудената вкупна цена во рамки на ставките кои се составен дел на предметот на набавка.

## 6.3. Известување за доделување на договорот за јавна набавка

**6.3.1.** По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој поднел најниска понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

**6.3.2.** Пред истекот на периодот на важење на понудата, а најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда.

**6.3.3.** Во прилог на известувањето се доставува и примерок од соодветната одлука.

**6.3.4.** По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги

доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

**6.4. Склучување на договорот за јавна набавка**

**6.4.1.** Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рамки на нејзината важност, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

**6.4.2.** Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

**6.4.3.** Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 6 (шест) примероци на потпишување.

**6.4.4.** Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5(пет) дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган, заедно со банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, доколку е предвидена.

**6.4.5.** Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише и достави договорот во рокот и начинот утврден во точка 6.4.4 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот, да ја активира дадената Изјава за сериозност на понудата и да издаде негативна референца за понудувачот.

**6.4.6.** Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот во отворена постапка, со доделување договор за јавна набавка.

**6.5. Извршување на договорот**

**6.5.1.** Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во оваа тендерска документација и избраната најповолна понуда.

**6.5.2.** Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

**6.5.3.** На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**6.5.4.** Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од **десет дена** од денот на целосната реализација на договорот.

**6.6. Измена на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност и раскинување на договор**

**6.6.1.** Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка согласно членот 119 од ЗЈН

**6.6.2.** Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

**6.6.3.** Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 1.9.2 од оваа ТД.

**6.6.4.** Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од алинеи 1 и 2 од точка 3.2.3 од оваа ТД, доколку носителот нанабавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој гоменува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од алинеја 3 од точка 3.2.3 од оваа ТД, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а

самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

**6.6.5.** Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите

**6.6.6.** За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

**6.6.7.** Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

**6.6.8.** Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**6.6.9.** Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

**6.6.9.1.** Доколку измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин, како што се одредби за корекција на цени или опции. Во тие одредби мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

**6.6.9.2.** За набавка на стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган;

**6.6.9.3.** Доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

**6.6.9.4.** Доколку првичниот носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот носител на набавка по извршено преструктурирање на

претпријатието, вклучувајќи преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон;

**6.6.9.5.** Доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) на овој член.

**6.6.10.** Во случаите од точка (6.6.9) подточки(6.6.9.2 и 6.6.9.3), вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно. Доколку договорот за јавната набавка вклучува одредба за корекција на цени, основ за пресметување на максималната дозволена вредност на измените е вредноста на договорот со ажурираните цени.

**6.6.11.** Договорниот орган задолжително објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност и примерок од измената на договорот во рок од десет дена од денот на изменување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба во согласност со членот 119 од законот за јавни набавки.

**6.6.12.** Договорниот орган го раскинува договорот за јавна набавка спогодба за време на важноста доколку:

- договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;
- носителот на набавка се наоѓал во една од ситуациите поради кои договорниот орган морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката или
- договорот или рамковната спогодба не требало да му се додели на носителот на набавка поради сериозни повреди на овој закон кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 7.1. Начин и рок на плаќање

**7.1.1.** Се предвидува следниов начин на плаќање: Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од уредно извршен технички прием за секој објект поединечно, со доставена завршна ситуација и уредно потпишана фактура од страна на двете договорни страни во архивата на Договорниот орган.

**7.1.2.** Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

**7.2. Рок и динамика**

**7.2.1.** Носителот на набавката е должен да ги изведе работите во согласност со техничките спецификации и предметот на договор.

**7.2.2.** Рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци.

**7.2.3.** Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на договорот од страна на двете договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

**7.2.4.** Планот за трансфер како и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје.

**7.2.5.** Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 2 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на **најмалку две локации истовремено**.

**7.2.6.** Рокот за поставување на првата група од најмалку два објекти истовремено започнува да тече 2 месеци по потпишување на договорот од страна на договорните страни, а по добивање на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган и,
- писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје

**7.2.7.** Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Договорот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат и прецизно да се утврдат сите активности кои треба да се одвиваат на лице место.

**7.2.8.** Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен.

**7.2.9.** Доколку надзорниот орган има завршни забелешки, Изведувачот треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена.  Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не

постапи во целост по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

**7.2.10.** Рокот и местото на испорака се задолжителни. Секоја понуда која содржи рок и место на испорака поинакови од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

**7.3. Разлики во цена** (корекција на цени)

**7.3.1.** Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**7.4. Други видови гаранции**

**7.4.1.** Гарантни рокови

**7.4.1.1.** Гарантниот рок за изведените работи изнесува 2 години.

**7.4.1.2.** За овој период Економскиот оператор е должен да врши отстранување на сите појавени недостатоци на работите кои се предмет на набавката.

**7.4.1.3.** Изведувачот одговара за недостатоците во изработката на градбата што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од две години од предавањето и приемот на работите.

**8. ПРАВНА ЗАШТИТА**

**8.1.** Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка,во рок од 10 (десет) дена согласно условите од член 143 став 1од законот за јавни набавки.

**8.2.** Правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Северна Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес.

**8.3.** Субјектите од претходните две точки имаат право да изјават жалба до ДКЖЈН согласно член 155 и 165 од законот за јавна набавка.

**8.4.** Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

**9. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

**9.1.** Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно член 114 од ЗЈНза што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

**9.2.** Во случај на поништување на постапката за јавна набавка врз основа на ставот (1) алинеја 7 од членот 114, договорниот орган не смее да спроведе нова постапка за истиот предмет на набавка во период од една година од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката.

**9.3.** Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

**9.4.** Договорниот орган објавува известување за поништување на дел или на целата постапка за јавна набавка на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на поништувањето на постапката.

**10. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**10.1.** Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

### II.1 Општ опис на предметот на набавката.

На територијата на Република Северна Македонија постојат вкупно 308 пунктови за здравствена заштита под 34 здравствени домови и 5 здравствени станици.

На територијата на Град Скопје во мрежата на здравствени установи од примарната здравствена заштита постојат два здравствени дома и три здравствени станици. Во мрежата на медицински единици – места и пунктови во примарната и превентивна здравствена заштита во Градот Скопје активни се 259 служби за општа медицина, три служби за медицина на трудот, 52 служби за здравствена заштита на деца од 0-6 години, шест служби за здравствена заштита на училишни деца и младина и 35 служби за здравствена заштита на жени, каде во 2018 година се извршени 4254220 посети согласно податоците на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

Министерството за здравство изврши скрининг на инфраструктурната состојба на објектите од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом – Скопје кои претставуваат времени објекти и биле поставени во пост-земјотресниот период, со цел брзо реновирање на истите. При тоа во скринингот беа опфатени следните објекти: амбуланта Бутел, амбуланта Влае, амбуланта Ѓорче Петров, амбуланта Тафталиџе, амбуланта Козле, амбуланта Лисиче, амбуланта Аеродром-Пелагонија, амбуланта Автокоманда и амбуланта Карпош.

При скринингот на моменталната состојба утврдено е дека сите објекти претставуваат приземни бараки поставени на бетонска подлога подигната од терен, со фасадни и преградни ѕидови од бондручен систем со дрвена конструкција исполнета со изолација и дрвени завршни панели, дрвена кровна конструкција и кровен покривач од салонти, односно бараките се од монтажен времен карактер. Објектите се постари од 40 години и очигледни се оштетувањата кои се јавуваат во дотраените материјали и инсталации кои со тек на годините престанале да ги извршуваат примарните функции. Условите за работа во објектите се субстандардни што претставува особен проблем за извршување на основната намена, здравствената дејност. По функција, во овие објекти како содржини се опфатени следните: општи ординации, стоматолошки ординации, простории за интервенции, простории за превентива и подготовка, простории за имунизација, аптеки, како и помошно – административни содржини, картотеки, чекални, тоалети, техничка служба и слично.

При скринингот се утврдени и типизирани 4 типа на бараки согласно следната шема:




Согласно наведеното, јасна е потребата од брза и целосна реконструкција на наведените објекти, и со таа цел е избран модел за нивна замена со објекти од монтажен модуларен карактер, кои се претходно префабрикувани со користење на нови и современи материјали, по принципот „клуч на рака". На терен монтажата на овие префабрикувани модули се одвива по системот на сува градба за што временските услови немаат особено влијание. Како карактер истите претставуваат времени објекти поточно објекти за кои не се издава одобрение за градење и се издава решение пропишано во членот 74 од Законот за градење.

**II.2 Опис на ставки со минимални барања**

Предмет на договорот е јавна набавка на работи, за **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје,** по моделот "клуч на рака". Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

1. Изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект, согласно член 74 став 2 од Законот за градење како и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението

за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, и тоа:

- ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект)
- елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување
- геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови

2. Припремни работи.
   - Демонтажа и отстранување на постојни објекти и инсталации, со одвезување на градежен шут до депонија, без кршење на постојни бетонски плочи
   - Расчистување на локација од дрва и грмушки со одвоз и депонирање на депонија, ископ на земја од III категорија со одвоз и депонирање, насипување на земјен материјал со набивање, за објектот кој за прв пат се поставува
   - Останати активности кои ќе произлезат од основен проект
3. Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер во рамки на градежна парцела.
   - Исколчување и обележување на објектот према сите технички прописи за земјени работи, за објектот кој за прв пат се поставува.
   - Набавка, транспорт и насипување на чакал под подна плоча со распростирање, планирање и набивање со вибрации со д=10-20см до постигнување на минимален модул на стисливост согласно градежните стандарди, за објектот кој за прв пат се поставува односно доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога.
   - Изработка на армирано бетонска подна плоча за објектот кој за прв пат се поставува и/или доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога, односно санирање на постојна армирано бетонска подна плоча.
   - Изработка на приклучоци на водоводна, канализациона и електрична мрежа од приклучно место до објект, односно санирање на постојни инсталации.
   - Изработка и одбележување на пристапни патеки за пешаци.
   - Поставување на урбана опрема и зеленило во дворно место
   - Останати активности кои ќе произлезат од основен проект
4. Изработка/набавка, транспорт и монтажа на модуларната градба или групата на модуларни градби, со меѓуспратна висина од под до плафон од 2,55м и **минимални барања** како што следи:

   **- Конструкција:** димензионирани челични профили според статичка пресметка за носивост согласно Основен проект. Минимални барања: челично железо антикорозивно епоксидно

премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или „еквивалент“, согласно МКС EN10025-2:2009. Дебелина на челичната конструкција, најмалку 3мм.

- **Ѕид:** Еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице" по избор на инвеститорот. Дебелина на внатрешно "лице" најмалку 0,4мм и надворешно фасадно "лице" најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002; **Фасадно обликување по избор на инвеститорот.**
- **Под:** Поцинкуван лим со дебелина на ѕид 0,80мм - 1,50мм; Термоизолација 10 см екструдиран полистирен; Челична конструкција со димензионирање на челичните профили според статичка пресметка; Водоотпорна иверка 20 мм со соодветен заптивен/амортизационен материјал за поврзување со челичната конструкција; ОСБ плочи; Хомогена пвц подна облога во ролни со мин. д= 2мм, со зајакната pur xr заштита, класа на експлоатација 34/43, мин. 3000гр/м2, абразивна група 4.00мм3, погоден и отпорен на абење при експлоатација, отпорен на огин, електростатичен, отпорен на бактерии, хемикалии и лизгање во согласност со EN13501, ISO26987-EN423, ISO846. Лепен со соодветно лепило и варен со соодветни електроди, завршно обработен со холкер/форматизер, со радиус 25мм, висина 10 см, со дебелина 2мм на соодветна подлошка. Завршниот слој на подната облога да биде обработен без прекини и бариери во поединечните и заедничките простории, освен на места каде е неопходно поставување на подни лајсни.
- **Плафон:** еколошки ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице". Дебелина на пластифициран лим внатрешно најмалку 0,4мм надворешно најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002.
- **Столарија:** Прозори со два степени на отварање и со термопан стакло со димензии и диспозиција согласно основен проект, внатрешни венецијанер ролетни и матирарање на 50% од стаклена површина со фолија, и заштитна надворешна мрежа-комарник; Внатрешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект, комплет со потребен оков, квака, брава за заклучување, граничник на под и нумерација на простосторија со натпис за намена на просторија со димензии 12/24 см. Надворешни влезни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект и избор на инвеститор.
- **Систем за ладење и греење:** инвертер ситем за климатизација – најмалку 3,5 KW
- **Инсталации**: електрична инсталација: ЛЕД светла х 18w, број и диспозиција согласно основен проект; електрични прекинувачи; монофазни надградни приклучоци; монофазни надградни приклочоци за клима уред; разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со автоматски осигурачи; доводна IP табла;
- **Кровна конструкција, кровен покривач:** Кровна конструкција изработена од челични профили решетки, со дебелина на челичната конструкција од најмалку 3мм (димензионирање според статичка пресметка во основен проект), со минимум наклон од 10%, завршно покривање од челичен поцинкуван и пластифициран лим, d=0.5мм. Кровниот

покривач да биде изработен со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Во кровниот покривач да се вклучи комплет опшивање, вентилирање на кровот, хоризонтални и вертикални олуци, снегобран и громобранска заштита и да биде термоизолиран.

| ред.број | ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ОЗНАКА НА ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ | ОПШТИНА | ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|   | | | | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| 1 | **Тип А** | | | | | | |
| | А.01 | | Амбуланта Бутел | Општина Бутел | 5067 | Бутел | 531 |
| | А.02 | | Амбуланта Влае | Општина Карпош | 7583/1 | Влае | 540 |
| 2 | **Тип Б** | | | | | | |
| | Б.03 | | Амбуланта Ѓорче Петров | Општина Ѓорче Петров | 4471/1 | Ѓорче Петров 3 | 606 |
| | Б.04 | | Амбуланта Тафталиџе | Општина Карпош | 3072 | Карпош | 586 |
| | Б.05 | | Амбуланта Козле | Општина Карпош | 5567 | Карпош | 587 |
| | Б.06* | | Амбуланта Кисела Вода | Општина Кисела Вода | (нова градба на територија на Општина Кисела Вода)* | | |
| 3 | **Тип В** | | | | | | |
| | В.07 | | Амбуланта Лисиче | Општина Аеродром | 2221/3 | Кисела Вода 2 | 524 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | В.08* | Амбуланта Аеродром – Пелагонија | Општина Аеродром | 414 | Кисела Вода 2 | 550 (220)* |
| | В.09 | Амбуланта Автокоманда | Општина Гази Баба | 1011 | Гази Баба | 532 |
| 4 | **Тип Г** | | | | | |
| | Г.10 | Амбуланта Карпош | Општина Карпош | 2163 | Карпош | 606 |

**Прилог 1**

III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________објавен од страна на Министерство за здравство на Република Северна Македонија, за доделување на договор за јавна набавка на работи, **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака",** со спроведување на отворена постапка преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

I.1. Име на понудувачот /Носител на групата: ......................................................................

Групата на понудувачи е составена од (доколку е групна понуда, во спротивно се брише) :

1. ..........................................................................................................,
2. ..........................................................................................................,
3. ..........................................................................................................,

I.2. Контакт информации на понудувачот /Носител на групата :

Адреса : ..............................................................................................................................

Телефон : ..........................................................

Факс : ..........................................................

Е-пошта : .........................................................................................

Лице за контакт : ..............................................................................................................

I.3. Одговорно лице: ..........................................................................................................................

I.4.1 Единствен даночен број: ___________________________________________

I.4.2 Единствен матичен број на субјектот: _______________________

I.5. Нашата понудата е составена од следниве делови

- пополнет образец на Понуда составена од I. ОПШТ ДЕЛ и II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА и III. ФИНАНСИСКА ПОНУДА
- пополнет образец на листа на доверливи информации (*ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува*),
- Документи за утврдување на способноста, согласно точка 5.4 од тендерската документација
- Гаранција на понуда,
- Изјава за обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот
- договор за групна понуда [доколку се работи за група на понудувачи]

I.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Техничката и Финансиската понуда.

I.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

**II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

| **Ред .број** | **ТИПОВИ НА ГРАДБИ** | **ОЗНАКА НА ТИПОВИ НА ГРАДБИ** | **ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ** | **ПОСТОЈНА СОСТОЈБА** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Тип А** | | катастарска парцела во рамки на градежна парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | А.01 | Амбуланта Бутел | 5067 | Бутел | 531 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | А.02 | Амбуланта Влае | 7583/1 | Влае | 540 |
| 2 | **Тип Б** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | Б.03 | Амбуланта Ѓорче Петров | 4471/1 | Ѓорче Петров 3 | 606 |
| | Б.04 | Амбуланта Тафталице | 3072 | Карпош | 586 |
| | Б.05 | Амбуланта Козле | 5567 | Карпош | 587 |
| | Б.06* | Амбуланта Кисела Вода | (нова градба - предлог од Општина Кисела Вода)* | | |
| 3 | **Тип В** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | В.07 | Амбуланта Лисиче | 2221/3 | Кисела Вода 2 | 524 |
| | В.08* | Амбуланта Аеродром - Пелагонија | 414 | Кисела Вода 2 | 550 (220)* |
| | В.09 | Амбуланта Автокоманда | 1011 | Гази Баба | 532 |
| 4 | **Тип Г** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | Г.10 | Амбуланта Карпош | 2163 | Карпош | 606 |

| **ОПИС НА БАРАНОТО ЗА СИТЕ ТИПОВИ** | **ОПИС НА ПОНУДЕНОТО** |
|---|---|
| 1. **Изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект**, согласно член 74 став 2 од Законот за градење како и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење: Ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект); Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување; Геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови.<br><br>2. **Припремни работи.** Демонтажа и отстранување на постојни објекти и инсталации, со одвезување на градежен шут до депонија, без кршење на постојни бетонски плочи; Расчистување на локација од дрва и грмушки со одвоз и депонирање на депонија, ископ на земја од III категорија со одвоз и депонирање, насипување на земјен материјал со набивање, за објектот кој за прв пат се поставува; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект.<br><br>3. **Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер во рамки на градежна парцела.** Исколчување и обележување на објектот према сите технички прописи за земјени работи; Набавка, транспорт и насипување на чакал под подна плоча со распростирање, планирање и набивање со вибрации со д=10-20см до постигнување на минимален модул на стисливост согласно градежните стандарди, за објектот кој за прв пат се поставува односно доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога; Изработка на армирано бетонска подна плоча за објектот кој за прв пат се поставува и/или доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога, односно | |

| | |
|---|---|
| санирање на постојна армирано бетонска подна плоча, согласно основен проект; Изработка на приклучоци на водоводна, канализациона и електрична мрежа од приклучно место до објект, односно санирање на постојни инсталации; Изработка и одбележување на пристапни патеки за пешаци; Поставување на урбана опрема и зеленило во дворно место; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект .<br><br>**4. Изработка/набавка, транспорт и монтажа на модуларната градба или групата на модуларни градби, со меѓуспратна висина од под до плафон од 2,55м и минимални барања:**<br><br>**Конструкција:** димензионирани челични профили според статичка пресметка за носивост согласно основен проект, челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или „еквивалент“, согласно МКС EN10025-2:2009, дебелина на челичната конструкција најмалку 3мм; **Ѕид:** Еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице" по избор на инвеститорот, дебелина на внатрешно "лице" најмалку 0,4мм и надворешно фасадно "лице" најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002, фасадно обликување по избор на инвеститорот; **Под:** поцинкуван лим со дебелина на ѕид 0,80мм - 1,50мм, термоизолација 10 см екструдиран полистирен, челична конструкција со димензионирање на челичните профили според статичка пресметка, водоотпорна иверка 20 мм со соодветен заптивен/амортизационен материјал за поврзување со челичната конструкција, ОСБ плочи, хомогена пвц подна облога во ролни со мин. д= 2мм, со зајакната pur xr заштита, класа на експлоатација 34/43, мин. 3000гр/м2, абразивна група 4.00мм3, погоден и отпорен на абење при експлоатација, отпорен на огин, електростатичен, отпорен на бактерии, хемикалии и лизгање во согласност со EN13501, ISO26987-EN423, ISO846, лепен со соодветно лепило и варен со соодветни електроди, завршно обработен со холкер/форматизер, со радиус 25мм, висина 10 см, со дебелина 2мм на соодветна подлошка, завршниот слој на подната облога да биде | |

| | |
|---|---|
| обработен без прекини и бариери во поединечните и заедничките простории; **Плафон:** еколошки ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице", дебелина на пластифициран лим внатрешно најмалку 0,4мм надворешно најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002; **Столарија:** прозори со два степени на отварање и со термопан стакло со димензии и диспозиција согласно основен проект, внатрешни венецијанер ролетни и матирарање на 50% од стаклена површина со фолија, и заштитна надворешна мрежа-комарник; внатрешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект, комплет со потребен оков, квака, брава за заклучување, граничник на под и нумерација на простосторија со натпис за намена на просторија со димензии 12/24 см.; надворешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект по избор на инвеститор; **Систем за ладење и греење:** инвертер ситем за климатизација – најмалку 3,5 KW; **Инсталации:** електрична инсталација: ЛЕД светла x 18w, број и диспозиција согласно основен проект; електрични прекинувачи; монофазни надградни приклучоци; монофазни надградни приклочоци за клима уред; разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со автоматски осигурачи; доводна IP табла; **Кровна конструкција, кровен покривач:** Кровна конструкција изработена од челични профили решетки, со дебелина на челичната конструкција од најмалку 3мм (димензионирање според статичка пресметка во основен проект), со минимум наклон од 10%, завршно покривање од челичен поцинкуван и пластифициран лим, d=0.5мм, со комплет ветер лајсни, слеме и ували, поставен на челична подконструкција. Кровниот покривач да биде изработен со комплет ветер лајсни, слеме и ували, поставен на челична подконструкција. Во кровниот покривач да се вклучи комплет опшивање, вентилирање на кровот, хоризонтални и вертикални олуци, снегобран и громобранска заштита и да биде термоизолиран. | |

**Нашата понуда важи во рок од ..... дена** од датумот на јавното отварање за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок.

**Рок и начин на испорака:** согласни сме со рокот и начинот на испорака, зададен од страна на Договорниот орган.

**III.2.ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

| Ред. бр. | Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака”. | Број на објекти | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупен износ со ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ТИП А** | | | | |
| • | А.01 | 1 | | | |
| • | А.02 | 1 | | | |
| • | **ТИП Б** | | | | |
| • | Б.03 | 1 | | | |
| • | Б.04 | 1 | | | |
| • | Б.05 | 1 | | | |
| • | Б.06* | 1 | | | |
| • | **ТИП В** | | | | |
| | В.07 | 1 | | | |
| | В.08* | 1 | | | |
| | В.09 | 1 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ТИП Г | | | | |
| | Г.10 | 1 | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | |

(Вкупната цена се изразува со букви. Во случај понудата да е поднесена од странски економски оператор, вкупната цена се изразува со букви на англиски јазик.)

Вкупна цена без ДДВ (со зборови)
........................................................................................................................................ ден.

Вкупно ДДВ (со зборови)
........................................................................................................................................ ден.

Вкупна цена со ДДВ (со зборови)
........................................................................................................................................ ден

Печат и потпис на одговорно лице: Електронски потпис на одговорно лице:

______________________________ ____________________________________

**Прилог 2**

ИЗЈАВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**И З Ј А В А**

Изјавувам дека доколку ни биде доделен договор за јавна набавка во отворена постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-аукција бр. ………………… за набавка на:

…………………………………………………………………………………………………………………………………………,

[ предмет на набавка ]

Ќе доставам банкарска гаранција за квалитетни извршување на договорот во висина од …… % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ, со важност согласно потточка. 4.6 од тендерската документација.

Во ..................................  Овластено лице

......-......-2020. година  ....................................................

( потпис )2

[2] Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него

ПРИЛОГ бр. 3 - ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ[3]

| | |
|---|---|
| *1. Назив на економскиот оператор / претставник на група економски оператори / член на група економски оператори:* | |
| | |
| *2. Адреса на седиштето:* | |
| *3. Телефон:* | *4. Контакт:* |
| *5. Факс:* | *6.e-mail:* |
| *7. Место на основањето/регистрацијата:* | *8. Година на основањето/регистрацијата:* |
| *9. Основни дејности на економскиот оператор:* | |

[3] Во случај на групна пријава за учество, образецот со општи информации се пополнува за секој член на групата на економски оператори.

**МОДЕЛ[4] НА ДОГОВОР[5]**

**Д О Г О В О Р**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1.Министерство за здравство**, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс +38923113014, застапувано од  Министерот Доц. Д-р Венко Филипче (во понатамошниот текст „**Договорен орган**") од една страна,
и
**2.** ________________________________________________, со адреса ______________________________, ЕДБ _______________, ЕМБС ____________ застапувано од____________________( во понатамошниот текст „**Носител на набавката**,) од друга страна.

**Договорниот орган** и **Носителот на набавката** во натамошниот текст заедно ќе бидат именувани како: **Договорни Страни.**

**Член 1**

Составен дел на овој Договор се следните прилози:
- Прилог 1 – Прифатената понуда со намалени цени по одржана електронска е-аукција - Прилог
- Прилог 2 – Технички спецификации
- Прилог 3 – Тендерска документација

Условите наведени во тендерската документација, Технички спецификации/ Основен проект и во понудата се задолжителни елементи на овој Договор.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на следните работи:
Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака". Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

- Изработка на основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење

[4]Договорниот орган  го задржува правото да направи одредени корекции во однос на одредбите од моделот на договор, освен на условите дефинирани во тендерската документација.

[5]Моделот на договор даден во тендерската документација не треба да биде потпишан електронски заедно со понудата. Истиот се дава само за увид на економките оператори за да се запознаат со заедолжителните елементи на договорот.

- Припремни работи, демонтажа и рушење
- Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер
- Поставување на модуларната градба или група на модуларни градби

Условите наведени во тендерската документација и во понудата се задолжителни елементи на овој Договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Изведувачот, работите наведени во член 2 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна вредност од __________ денари без ДДВ, вредноста на ДДВ изнесува вкупно __________ денари. Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува __________ денари.

Единечните цени за изразување се дадени во понудата, односно предмер пресметката, која е составен дел на овој Договор и истите се фиксни и непроменливи по било кој основ.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Договорот за јавна набавка ќе биде склучен со времетраење од 24 месеци, сметано од денот на склучување на Договорот и ќе се смета за завршен заклучно со датумот на исполнување на обврските од Договорот.

**РОК И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци.

Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на договорот од страна на договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

Планот за трансфер како и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје.

Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 2 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на најмалку две локации истовремено.

Рокот за поставување на првата група од најмалку два објекти истовремено започнува да тече 2 месеци по потпишување на договорот од страна на договорните страни, а по добивање на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган и,
- писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје

Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Договорот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат, прецизно да се утврдат сите активности на лице место и да се предвидат казнени поени за непочитување и непопстапување согласно утврдениот и одобрен динамички план.

Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен. Доколку надзорниот орган има завршни забелешки, Носителот на набавка треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена. Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не постапи во целост по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

Рокот и местото на испорака се задолжителни.

**Член 6**

Воведувањето на Носителот на набавката во изведувањето на работите опфаќа:

- Предавање на проектна документација на Носителот на набавката за изведување на работите.
- Предавање на градилиштето под кое се подразбира обезбедување на Носителот на набавката право на пристап во објектот за изградба;

За воведувањето на Носителот на набавката во работата, Надзорниот орган составува посебен записник и тоа се констатитра во градежниот дневник.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Се предвидува следниов начин на плаќање:

Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од уредно извршен технички прием за секој објект поединечно, со доставена завршна ситуација и уредно потпишана фактура од страна на двете договорни страни во архивата на Договорниот орган.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен при изведување на работите да води градежната книга.

Во градежната книга задолжително треба да бидат наведени сите изведени работи.

Главниот инженер за надзор и контрола по приемот на завршната ситуација, а во рок од најмногу 5 работни дена, може да стави забелешка на истата.

Договорниот орган има дополнителни 5 работни денови да достави свои забелешки.

За забелешките Носителот на набавката се известува писмено или преку градежен дневник.

Во случај на непостапување по забелешките, Договорниот орган може да ја одбие исплатата само на износот оспорен со забелешките.

Главниот Надзорен инженер со свој потпис ги потврдува количините на изведените работи по завршните ситуации.

**Член 9**

Завршните ситуации Носителот на набавка може да ги достави и во периодот на припрема на фактичката изведба доколку извршил набавка на потребни материјали за вградување поврзани со предметот на набавка. Завршните ситуации за набавка на потребни материјали задолжително треба да бидат потврдени од Главниот Надзорен инженер кој со свој потпис ги потврдува количините по складирање и одржување на истите до вградување.

Завршната ситуација се доставува до Договорниот орган најкасно во рок од 5 (пет) дена по истекот на периодот за кој се однесува. Завршната ситуација Носителот на набавката ја доставува заверена и ја поднесува на исплата по завршеното примопредавање на изведените работи.

**Член 10**

Договорниот орган има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавање на работите, врз основа на конечната завршна ситуација.

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за отстранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката на писмена покана од Договорниот орган не ги отстрани тие недостатоци во примерниот рок од 15 дена.

Задржаниот износ, односно неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката во рок од 60 дена од денот на примопредавање на работите, односно веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

**РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА**

**Член 11**

Цените дадени во понудата од страна на изведувачот се фиксни и непроменливи.

**Член 12**

Со овој Договор не се предвидува авансно плаќање.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 13**

Носителот на набавката е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите кои се определени со овој Договор, согласно важечката законска регулатива и техничките нормативи, во рокот определен во членот 5 од овој Договор.

- Носителот на набавката треба да изработи и достави ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект), елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување и геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови, во тесна соработка со одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган.

- Носителот на набавката ќе испраќа графички прилози до одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган во електронска работна верзија од тековната изработка на проектната документација, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки. Носителот на набавката е должен да изврши разработка на изведбени детали и нивно одобрување од страна на Надзорниот орган.
- Носителот на набавката по изготвување на целокупната проектна документација има обврска истата да ја достави до Здравствен дом Скопје, кој со барање ке ја проследи до надлежен орган за издавање на Решение во согласност со одредбите од Законот за градење.
- Носителот на набавката е должен да ги започне планираните активност за реализација на набавката откако ќе добие писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници што е обврска на Здравствен дом Скопје. Трансферот на корисници подразбира целосно преместување на сите движни ствари од габаритот на објектот, на претходно обезбедена локација од страна на Здравствен Дом – Скопје.
- Со добиено Решение издадено од надлежен орган, а согласно одредбите од Законот за градење и по добиена писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници, надзорниот орган има обврска да го воведе во работа на носителот на набавката со што започнува рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти.
- Носителот на набавката е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од Надзорниот орган.
- Носителот на набавката е должен завршните ситуации за наплата на извршените работи и/или набавените материјали, заверени од Надзорниот орган, да ги доставува до Договорниот орган.
- Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му го предаде Проектот на изведена состојба по завршувањето на работите, односно по раскинувањето на Договорот.
- Носителот на набавката е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината. Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува
- Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање или уништување.
- Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој од нив ги обезбедува и чува своите работи, опрема и материјали
- Носителот на набавката ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропагање
- По завршените работи, односно по раскинувањето на договорот, Носителот на набавката е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги поставил и да го исчисти објектот и градилиштето.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 14

Договорниот орган е должен да соработува со Носителот на набавката за време на изготвување на проектната документација, преку одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка. Сите графички прилози кои Носителот на набавката ќе ги испрати во електронска работна

верзија, Договорниот орган е должен да ги одговори во најкраток можен рок, со цел запазување на роковите предвидени за реализација.

Договорниот орган и Здравствен дом Скопје ќе изготват интерни планови за реализација и трансфер на корисници.

Договорниот орган е должен да именува свој Надзорен орган и со писмо да го извести Носителот на набавката за тоа.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

## ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

### Член 15

Договорот за јавна набавка може да се измени доколку се појават работи кои не се вклучени во основниот Договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на Носителот на набавката:

а) не е можна од економски или технички причини, и

б) ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на Договорниот орган.

Доколку промената е потребна поради околности кои Договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка.

Доколку првичниот Носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот Носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајки преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на Договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон.

Доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење и измената на Договорот за јавна набавка не е значителна.

Вкупната вредност на измените на Договорот за јавна набавка не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот Договор.

Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно.

Измената на Договорот за јавна набавка се смета за значителна доколку поради неа Договорот значително се разликува од првично доделениот Договор за јавна набавка, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапка за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на Договорот за јавна набавка во корист на Носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот Договор

в) со измената значително се проширува опфатот на Договорот за јавна набавка

г) друг економски оператор го заменува првичниот Носител на набавка, освен во случаите од ставот 3 на овој член.

Документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор

како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околноститепоради кои Договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор, како иобјаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на Договорот.

Носителот на набавката е должен по писмен налог од Договорниот орган и по склучување на Анекс за измена на Договорот во текот на неговата важност, да ги изведе работите кои се појавиле од непредвидените околности.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности, пред отстапувањето на трето лице да му го понуди на Носителот на набавката.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности да му ги отстапи на Носителот на набавката, а на трето лице може да му ги отстапи ако Носителот на набавката одбие да ги изведе воопшто или навремено.

## ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

### Член 16

Носителот на набавката може дел од Договорот за јавна набавка да го додели на подизведувач.

Доколку Носителот на набавката користи подизведувач при извршувањето на Договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од Договорот за кој има намера да гододели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи,
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плакање, доколку подизведувачот гобара тоа.

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на Договорот за јавна набавка оддоговорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од Договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на Договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од Договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, Носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од ставот (2) на овој член.

Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од ставот (3) алинеи 1 и 2 на овој член, доколку Носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, ановиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини заисклучување,
- во случаите од ставот (3) алинеја 3 на овој член, ако Носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел оддоговорот е веќе извршен.

Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

За одбивањето на подизведувачот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето.

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за Носителот нанабавката, доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, притшто:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на Носителот нанабавката ќе ги покрие договорниот орган,
- Носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, Договорниот орган бара од Носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена одденот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката

## НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

### Член 17

Договорниот орган има право да врши надзор на изградба над работите на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Стручен надзор на работата на објектот врши договорниот орган преку Надзорен орган кој го контролира видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и на опремата, запазување на предвидените рокови, како и друго согласно Закон за градење и други позитивни законски прописи.

Надзорниот орган полноважно го застапува Договорниот орган пред Носителот на набавката.

Заради вршење на надзор на изградба Договорниот орган има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзор на изградба го врши Надзорниот инженер што ќе го определи Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган вршење на надзор на изградба.

Носителот на набавката е должен да постапи по сите основни барања од Договорниот орган поднесени воврска со вршењето на стручниот надзор.

## НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

### Член 18

Веднаш по завршувањето на работите Носителот на набавката го известува Договорниот орган декаработите што се предмет на Договорот се завршени.

Носителот на набавката изготвува писмен извештај за изведените работи, согласно Законот за градење.

Изведувачот треба да достави сертификати и записници за техничка исправност на вградените опреми и материјали.

### Член 19

Договорниот орган, Надзорот и Носителот на набавката се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Ако една од договорните страни без оправдана причина го одбие учеството во конечната пресметка или го одолжува своето учество во изработката на пресметката, другата договорна странаможе самиот да изврши пресметка и за тоа да ја извести другата страна.

**Член 20**

Записникот за примопредавање може да го состави само една договорна страна без учествона другата договорна страна во случај другата договорна страна неоправдано го одбие учеството вопримопредавањето или неоправдано не присуствува на поканата да учествува во примопредавањето. Записник се доставува до другата договорна страна. Со денот на доставувањето на записникотнастануваат последиците во врска со примопредавањето.

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Носителот на набавката треба насвој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Носителот на набавката е долженведнаш да пристапи кон изведување на тие работи.

## УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 21**

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Надзорниот орган и на Договорниот орган постојан надзор над работите и контрола на количеството, квалитетот и соодветноста на употребениот материјал.

Носителот на набавката е должен во објектот да вградува материјали и опрема во се према проектната документација и техничките прописи и стандарди за овој тип објекти, одобрени од Надзорниот орган и Договорниот орган.

Носителот на набавката е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот квалитет согласно овој Договор.

Носителот на набавката е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да овозможи контрола наНадзорниот орган и на Договорниот орган.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Трошоците на контролата ги поднесува Носителот на набавката. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

Ако Носителот на набавката не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Договорниот орган има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Договорниот орган има право да бара Носителот на набавката да ги урне изведените работи иработите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Ако Носителот на набавката во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Надзорниот органи Договорниот орган и не ги отстрани недостатоците на изведените работи и по задржување насразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците, Договорниот

орган може да го раскине Договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета што настанала поради неквалитетноизведените работи и поради раскинувањето на Договорот.

Ако Носителот на набавката не ги отстрани во примерениот рок од 15 дена недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Договорниот органможе, врз товар на Носителот на набавката отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице. Притоа Договорниот орган е должен да постапува како добар стопанственик.

## ДОГОВОРНА КАЗНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

### Член 22

Ако Носителот на набавката, работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување наработите, доцни со изведувањето на работите, тој е согласен на Договорниот орган да му плаќа договорна казна.

Во случај на задоцнување или неисполнување на обврските од страна на Носителот на набавката во утврдениот рок, Договорниот орган има право на договорна казна во висина од 0,3% од вкупнатавредност на договорот со пресметан ДДВ за секој ден на доцнење, но вкупно не повеќе од 3% одвредноста на Договорот.

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

Во случај на доцнење со извршување на обврската или во случај на неисполнување наобврската од страна на носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета идоговорна казна.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

## ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

### Член 23

Изведувачот потребно е да достави гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ, во рок од 7 дена по потпишување на Договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 90 дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Банкарската гаранција е услов за полноважност на овој Договор.

Непродолжување на банкарската гаранција во случај на настанати непредвидени околности кои би го продолжиле рокот за реализација на предметот на Договорот регулиран со Анекс на договор, а по претходно барање за продолжување на рокот од страна на Договорниот орган до Носителот на набавката, ќе биде основ за раскинување на договорот како и основ за активирање на важечкатабанкарска гаранција.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот нанабавката не исполни некоја од обврските од Договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од Договорот за јавна набавка согласно договореното, Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: попошта или лично на лицето за контакт за административни прашања.

Доколку Договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

**ГАРАНТЕН ПЕРИОД**
**Член 24**

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со Договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат недостатоци што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со Договорот.

Гарантниот рок за изведените работи изнесува 2 години. За овој период Носителот на набавката е задолжен да врши одржување на објектот и сервисирање на инсталираната опрема.

Носителот на набавката одговара за недостатоците во изработката на објектот што се однесуваат нанеговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од десет години од предавањето и приемот на работите.

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката безодлагање.

Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок од 15 (петнаесет) дена за отстранување на недостатокот.

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1,2 и 3 на овој член.

**ВИША СИЛА**

**Член 25**

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на Договорот, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Виша сила, според овој Договор, значат настани кои не зависат од Носителот на набавката, кои не се резултат на грешка или невнимание на Носителот на набавката и настани кои што во моментот на склучувањето на Договорот не можеле да се предвидат.

Настани на виша сила според овој Договор се војна или револуции, пожари, поплави, епидемии, карантински забрани или транспортни ембарга и други непредвидливи состојби.

Ако настане состојба на виша сила, Носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Надзорниот орган и Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, Носителот на набавката ќе продолжи и понатамуда ги извршува договорните обврски додека тоа е изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на Договорот, што нема да биде спречено од виша сила.

Ако настаните на виша сила продолжат да траат за период од 60 дена, страните на овој Договор можат, со заедничка согласност да го прекинат договорот, без ниедна страна да сноси одговорност кон другата.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**УСЛОВИ НА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 27**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна,може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок,другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување наобврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не јаисполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот.

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договороти да бара надомест на штета.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот едолжна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штомдознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другатастрана ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

Ако Носителот на набавката во рок од 8 (осум) дена, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од изведувачот надомест на штетата.

Ако постои оправдано сомневање дека работите нема да бидат изведени во договорениот рок, Договорниот орган има право да побара од Носителот на набавката да превземе потребни мерки со кои сеобезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план наградењето.

Доколку и по барањето од став еден на овој член не се забрзаат работите и не се усогласат содоговорениот план на градењето, Договорниот орган може на сметка на Носителот на набавката да ангажира трето лице кое што ќе ги изведе работите на сметка и на трошок на Носителот на набавката.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 28

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорнитестрани ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивнонадлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основен суд Скопје 2 Скопје.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 29

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само сописмена спогодба.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другатастрана да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма иако се потпишани од двете договорни страни.

### Член 30

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трети страни, без взаемна писмена согласност.

### Член 31

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три)примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган<br>Министерство за здравство | Носител на набавка |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| **Министер,**<br>**Доц. д-р Венко Филипче** | |

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ

**ОТВОРЕНА ПОСТАПКА**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ**

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА:**

**ЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ**

**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

***-изменета и дополнета-***

*Скопје,*

*февруари 2021 година*

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ

**ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА**

Почитувани,

Договорниот орган Министерство за здравсто, со адреса на ул. 50 Дивизија бр.14, телефон за контакт ++389 2 311 2500, факс ++389 2 311 3014, електронска адреса kontakt@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса www.moh.gov.mk, има потреба од набавка на јавна набавка на работи, **за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје.**

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи со отворена постапка, во согласност со член 50 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/19).

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до денот даден како краен рок во ЕСЈН, (по локално време) исклучиво преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), притоа следејќи ги упатствата дадени во “Прирачник за користењена ЕСЈН“ објавен на истата веб адреса во делот "Економски оператори".

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, задолжителни одредби што ќе ги содржи договорот за јавна набавка, изјава за сериозност на понудата, образец на понудата и останати обрасци согласно содржината на понудата.

Понудата испратена преку ЕСЈН треба да биде електронски потпишана од страна на економскиот оператор со користење на дигитален сертификат[1]. Во хартиена форма може да се поднесе исклучиво документација во нестандарден формат и големина, пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

Отворањето на понудите ќе биде јавно, по електронски пат преку ЕСЈН во време и место определено како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН.

Однапред благодариме на соработката.

Одговорно лице

Д-р Венко Филипче

---

[1] Електронско средство во кое се јавува електронскиот потпис и кое го заменува своерачниот потпис.

....................

I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа тендерска документација го имаат следново значење:

- „**Договор за јавна набавка**" е договор склучен вописмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи чиј предмет еснабдување стоки, обезбедување услуги или изведување градежни работи;
- „**Постапка за јавна набавка**" е постапка што јаспроведуваат еден или повеќе договорни органи, чијацел или дејство е купување или стекнување стоки, услуги или работи;
- „**Договор за јавна набавка на стоки**" е договор зајавна набавка чиј предмет е набавка на една или повеќестоки, преку купување веднаш, купување со одложеноплаќање или изнајмување со или без опција за купувањена стоката. Договорот за јавна набавка на стоки може давклучува и услуги за нивно поставување и вградување;
- „**Договор за јавна набавка на услуги**" е договор зајавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освеноние од точка 5 на овој став;
- „**Договор за јавна набавка на работи**" е договорза јавна набавка чиј предмет е:

а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности;

б) изведување градба или проектирање и изведување градба и

в) реализација на градба со какви било средства,според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;

- „**Економски оператор**" е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и ситепривремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи;
- „**Понудувач**" е економски оператор кој поднелпонуда;
- „**Кандидат**" е економски оператор кој бара даучествува или е поканет да учествува во ограниченапостапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, постапка сопреговарање без објавување оглас, конкурентен дијалог или во партнерство за иновации;
- „**Подизведувач**" е правно или физичко лице коеза понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи штосе директно поврзани со извршувањето на договоротили рамковната спогодба;

- „**Тендерска документација**" е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или сеутврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичнотоиндикативно известување кое се користи како заменаза оглас за јавна набавка, техничките спецификации,описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;
- „**Прифатлива понуда**" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдувањеспособност, потребите и барањата на договорниот органнаведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;
- „**Несоодветна понуда**" е понуда која не одговарана потребите и барањата на договорниот орган утврдениво тендерската документација без значителни промени;
- „**Несоодветна пријава за учество**" е пријава заучество поднесена од кандидат кој треба да се исклучибидејќи не ги исполнува условите за утврдување способност во постапката;
- „**Централизирани набавни активности**" се активности што се извршуваат континуирано во еден од следниве облици:

  а) набавка на стоки и услуги наменети за повеќе договорни органи или

  б) доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи наменетиза повеќе договорни органи;

- „**Помошни набавни активности**" се активностиза поддршка на договорниот орган при вршење на неговите набавки, особено во следниве форми:

  а) техничка инфраструктура која на договорниот орган му овозможува доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи и/или

  б) советување во врска со осмислувањето или спроведувањето на постапките за јавни набавки;

- „**Централно тело за набавки**" е договорен орган кој врши централизирани набавни активности и помошни набавни активности;
- „**Единствен документ за докажување на способноста**" е документ што го издава Централниот регистар на Република Македонија и што содржи податоци со кои се докажуваат елементи од способноста на економскиот оператор;
- „**Писмено**" или „**во писмена форма**" е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;
- „**Електронско средство**" е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;

- „**Животен век**“ се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи ги потребните истражување и развој, производство, трговија согласно со условите, превоз, користење и одржување во текот на постоењето на производот или градбата или обезбедувањето на услугата, од стекнување на суровината или генерирање на ресурсите до расходување, уништување или завршување на услугата или употребата;
- „**Конкурс за избор на идејно решение**“ е постапка која му овозможува на договорниот орган, главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, да добие план или проект, кој ќе го избере жири комисија по распишување конкурс со или без доделување награди;
- „**Иновација**“ е имплементација на нов или значително подобрен производ, услуга или процес, вклучувајќи ги процесите на производство и изградба, нов метод на пласман на пазарот или нов метод на организација во деловната пракса, организација на работното место или организација на надворешните односи, со цел да се помогне во решавањето на општествените предизвици;
- „**Ознака**“ е секој документ, уверение или потврда што потврдува дека стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките ги исполнуваат утврдените барања;
- „**Услови за добивање ознака**“ се услови кои стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките мора да ги исполнуваат за да добијат одредена ознака;
- „**Класичен јавен сектор**“ е јавниот сектор кој не е опфатен со секторските дејности;
- „**Секторски дејности**“ се дејности од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот и поштенските услуги, кои се опфатени во членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;
- „**Технички спецификации**“ се:

во случај на јавна набавка на работи, збир на технички прописи содржани во тендерската документација со кои се дефинирани потребните карактеристики на материјалите, производите или стоките за да одговараат на употребата што му е потребна на договорниот орган; тие карактеристики вклучуваат влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и постапките за обезбедување квалитет, терминологијата, симболите, методите на тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на градбата; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила од проектот и правила за процена на трошоците, услови за тестирање, за инспекција и за прием на изведените работи, градежните методи или техники, како и сите други технички услови што договорниот орган има право да ги пропише во согласност со општите и посебните прописи во врска со градбата и вклучените материјали или деловите

- „**Стандард**“ е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признаено тело со кој, заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уредност во определено подрачје, и тоа:

  а)„меѓународен стандард“ е стандард усвоен од меѓународна организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста,

б) „европски стандард“ е стандард усвоен од европска организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста и

в) „национален стандард“ е стандард усвоен од национално тело за стандардизација и е достапен на јавноста;

- „**Техничка референца**“ е секој документ кој не е европски или национален стандард, а е издаден од национално или европско тело за стандардизација, кој е во согласност со постапки прилагодени на потребите на пазарот;
- „**Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)**“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;
- „**Електронски пазар на набавки од мала вредност**“ е електронска платформа во вид на електронски каталог со која управува Бирото за јавни набавки и која се користи за набавки од мала вредност согласно со условите од овој закон;
- „**Динамичен систем за набавки**“ е систем кој се воспоставува како целосно електронски процес отворен во текот на целото времетраење за сите економски оператори што ги исполнуваат критериумите за утврдување способност, а кој се користи за вообичаени набавки кои се општо достапни на пазарот и кои ги исполнуваат потребите на договорниот орган;
- „**Еквивалентно**“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;
- „**Пазарна цена**“ е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично;
- „**Заеднички поимник за јавни набавки CPV (во натамошниот текст: ЗПЈН)**“ е единствен класификациски систем на номенклатури на стоки, услуги и работи што се применува во постапките за јавни набавки и кој обезбедува еднообразност со останатите постојни номенклатури за стоки, услуги и работи;
- „**Рамковна спогодба**“ е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените количини;
- „**Одговорно лице кај договорниот орган**“ е функционер кој раководи со државен орган, градоначалник на единицата на локалната самоуправа или директор на правно лице;
- „**Посебно или ексклузивно право**“ е право доделено од надлежен орган врз основа на закон, подзаконски пропис или акт на управата, со кое се ограничува вршењето секторски дејности на еден или повеќе субјекти и кое значително влијае врз можноста други субјекти да вршат такви дејности;
- „**Државни органи**“ се органите на државната управа и органите на законодавната и судска власт;

- „**Електронски каталог**“ е организирана описна листа на стоки или услуги што ги нудат економските оператори преку ЕСЈН;
- „**Тело за оценка на сообразност**“ е тело кое извршува дејности за утврдување сообразност, вклучително и калибрирање, тестирање, сертифицирање и инспекција, акредитирано согласно со материјалните прописи и
- „**Алтернативна понуда**“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.

### 1.1. Договорен орган

1.1.2 Договорен орган е Министерството за здравство, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс 0038923112500 ++389 2 311 3014 електронска адреса kontakt@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса: www.moh.gov.mk

1.1.3 Лице за контакт кај договорниот орган е Тања Пехчевска, електронска адреса tanja.pehceska@zdravstvo.gov.mk.

### 1.2 Предмет на договорот за јавна набавка

1.2.1 Предмет на договорот е јавна набавка на работи, за **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје,** по моделот "клуч на рака". Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

- Изработка на основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење
- Припремни работи, демонтажа и рушење
- Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер
- Поставување на модуларната градба или група на модуларни градби

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација.

1.2.2 Предметот на договорот е **неделив**. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни елементи од техничката спецификација. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

### 1.3 Вид на постапка за доделување на договор за јавна набавка

1.3.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на отворена постапка.

1.3.2 Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

1.3.3 Подетални информации за користењето на електронски средства:
За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате дигитален сертификат. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН, по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори".

### 1.4 Посебни начини за спроведување на постапката

1.4.1 Оваа постапка ќе заврши со спроведување на електронска аукција.
Подетални информации за електронската аукција:

- Договорот за јавна набавка ќе се додели со користење електронска аукција со цел добивање нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите.

- Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.
- Поканите за учество на аукцијата ќе се достават во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди.
- Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена во поштенското сандаче на корисничкиот профил на ЕСЈН, на лицето кое ќе поднесе понуда за соодветната постапка по електронски пат.
- Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди.
- Сите понудувачи што поднеле прифатливи понуди, истовремено ќе се поканат да доставaт нови цени.
- Сите понудувачи во секоја фаза од аукцијата ќе имаат пристап до информациите кои ќе им овозможат во секое време да го утврдат својот ранг.
- Доколку во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе.
- По завршувањето на електронската аукција, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).

**1.5 Применливи прописи**

1.5.1 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/19) и донесените подзаконски акти.

1.5.2 При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа и од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20 и 279/20).

1.5.3 Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни
приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноцит е и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа.

**1.6 Општи мерки за спречување на корупцијата**

1.6.1 Договорниот орган, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

**1.7 Извор на средства**

1.7.1 Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од буџетот на Министерството за здравство .

**2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**2.1. Достапност на тендерската документација**

**2.1.1.** Тендерската документација е достапна на секој заинтересиран економски оператор преку ЕСЈН во формат кој економските оператори може директно да го користат.

**2.2. Појаснување на тендерската документација**

**2.2.1.** Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација преку модулот „Прашања и одговори“ на ЕСЈН, најмалку осум (8) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

**2.2.2.** Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, без да го открие идентитетот на економскиот оператор кој го поставил прашањето, за што економските оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање.

**2.2.3.** Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја

направил достапна тендерската документација, но не подоцна од 6 (шест) дена од крајниот рок за поднесување на понудите.

**2.3. Измена и дополнување на тендерската документација**

**2.3.1.** Договорниот орган може, во роковите од точка 2.2.3 од оваа ТД, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

**2.3.2.** Соодветно на сложеноста на измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган има право да го продолжи крајниот рок за доставување на понудите во последните 8 (осум) дена пред јавното отворање на понудите.

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

### 3.1. Право на учество

**3.1.1.** Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.

**3.1.2.** Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма.Составен дел на групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- Членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- Членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- Членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата
- Краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- Други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

**3.1.3.** Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

**3.1.4.** Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку:

- е носител на групата економски оператори,
- групата економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување на способност што се барале во постапката без тој член или
- Другите членови од групата солидарно не ги преземат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

**3.1.5.** Договорниот орган, по извршениот избор на најповолна понуда, од групата економски оператори може да побара, тие да се здружат во соодветна правна форма заради извршување на договорот.
**3.1.6.** Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот. Учеството во техничкиот дијалог не се смета за учество во изработка на тендерската документација.
**3.1.7.** Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца нема право на учество во постапката согласно со член 101 став 7 од Законот.
**3.1.8.** Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда или во една пријава за учество. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:
- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда/пријава за учество или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда/пријава за учество.

**3.1.9.** Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.
**3.1.10.** За да учествува во постапката, економскиот оператор треба да се регистрира во ЕСЈН и да поседува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН.
***Напомена:*** *Во моментот на поднесување на групна понуда сите членови на групата треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.*

**3.2. Подизведување**
**3.2.1.** Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.
**3.2.2.** Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:
- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

**3.2.3.** Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:
- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

**3.2.4.** Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 3.2.2 од оваа Тендерска документација.

**3.2.5.** Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од алинеи 1 и 2 од потточка 3.2.3 од оваа Тендерска документација, доколку носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од алинеја 3 од потточка 3.2.3 од оваа Тендерска документација, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

**3.2.6.** Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

**3.2.7.** За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

**3.2.8.** Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

**3.2.9.** Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**3.3. Трошоци за поднесување на понуда**

**3.3.1.** Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**3.4. Јазик на постапката**

**3.4.1.** Тендерската документација е достапна на македонски јазик.

**3.4.2.** Понудата како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик односно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.3.** Придружната документација (за утврдување способност) се доставува на македонски јазик односно, на јазик на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.4.** Документацијата за квалитативен избор се доставува на македонски јазик одосно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**3.4.5.** Договорот за јавна набавка ќе биде склучен на македонски јазик .

**3.5. Спречување на судир на интереси**

**3.5.1.** За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

**3.5.2.** Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за јавна набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице, се придржуваат кон Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, донесен од Министерот за финансии, и потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

**3.5.3.** Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

**3.5.4.** Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или вработените кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот.

**3.6. Начин на комуникација помеѓу договрниот орган и економските оператори**

**3.6.1.** Секоја комуникација и размена на информации согласно со одредбите на Законот за јавните набавки, а особено поднесувањето на понудите или пријавите за учество, се вршат со користење електронски средства преку ЕСЈН(https://www.e-nabavki.gov.mk).

**3.6.2.** Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

**3.6.3.** Начинот на поднесување на понудата е утврден во точка 4 од оваа Тендерска документација ”Подготовка и поднесување на понудите”.

**3.6.4.** По исклучок , договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН во следниве случаи:

- доколку поради посебна природа на предметот на набавка, за користење електронски средства преку ЕСЈН би биле потребни одредени алатки, уреди или формати на датотеки што не се широко достапни или што не се поддржани од општо достапниот софтвер;
- доколку за програмите кои ги поддржуваат форматите на датотеки погодни за опис на понудите се користат формати на датотеки кои не можат да бидат обработени од страна на кој било друг отворен или општо достапен софтвер, или доколку истите се заштитени со лиценца и договорниот орган не може да обезбеди нивно преземање или користење оддалеку;
- доколку со тендерската документација се бара поднесување мостри и макети кои не може да се поднесат по електронски пат.

**3.6.5.** Комуникацијата која согласно со случаите од потточка 3.6.4 не се врши со користење електронски средства преку ЕСЈН, се врши лично, преку овластен давател на поштенски услуги или преку друга соодветна курирска служба или во комбинација со користење електронски средства преку ЕСЈН.

**3.6.6.** По исклучок од потточка 3.6.1, договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН при поднесувањето на понудата, доколку користењето друг начин на комуникација е неопходен, поради нарушување на безбедноста на ЕСЈН, или поради заштита на безбедносно-осетливи информации кои бараат ниво на заштита кое не може соодветно да се обезбеди со користење електронски средства преку ЕСЈН.

## 4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1. Содржина на понудата

4.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација во електронска форма и се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда;
- пополнет образец на технички дел на понудата и друга техничка документација за докажување на исполнетоста на критериумите и барањата од техничката спецификација;
- документација со која се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката;
- документација со која се докажува дека се исполнети условите за квалитативен избор;
- изјава за сериозност;
- листа на доверливи информации;
- изјава за обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот;
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори) и

- други документи: каталози, брошури и слично, како доказ за исполнување на минималните технички спецификации.

4.1.2 Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува врз основа на електронските обрасци на понуда дадени во оваа тендерска документација. Доколку на дадениот образец на понуда во оваа тендерска документација економскиот оператор не може целосно и сеопфатно да ја изрази својата понуда, може да достави дополнение на својата понуда како посебен документ. Понудата поднесена на образец на понуда кој не ги содржи сите елементи согласно тендерската документација може да биде отфрлена како неприфатлива.

4.1.3 Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, согласно оваа ТД.

**4.2. Јазик на понудата**

**4.2.1.** Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик односно, на јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.2.** Придружната документација (за утврдување способност) се доставува на македонски јазик, јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.3.** Документација за квалитативен избор се доставува на македонски јазик, јазикот на понудувачот со задолжителен превод на македонски јазик.

**4.2.4.** Договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба ќе биде склучен на македонски јазик.

**4.3. Цена на понудата**

**4.3.1.** Економскиот оператор во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената за секој дел поединечно.

**4.3.2.** Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени увозни царини без ДДВ.

**4.3.3.** Економскиот оператор понудената цена задолжително ја внесува и во ЕСЈН преку веб образецот „Поднеси понуда“, панел „Податоци од понудата“, во полето за внесување на цената. Цената на понудата се пишува со бројки и букви. Доколку понудата е поднесена од странски економски оператор, цената на понудата покрај со бројки, се пишува и со букви на англиски јазик.

**4.4. Валута на понудата**

**4.4.1.** Цената на понудата се изразува во денари. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите. Курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

**4.5. Период на важност на понудата**

**4.5.1.** Периодот на важност на понудата ќе изнесува 120 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот

работен ден. Понудите кои содржат покусопериодна важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документацијаќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**4.5.2.** Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.6. Гаранција на понудата**

**4.6.1.** Како дел од понудата економскиот оператор задолжително обезбедува гаранција на понудата (гаранција за учество) во износ од најмалку 3 % од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ. Гаранцијата е во форма на банкарска гаранција. За договорниот орган се прифатливи сите банки.

**4.6.2.** Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

**4.6.3.** Гаранцијата треба да е поднесена во оригиналната форма и кај постапките кои се спроведуваат по електронски пат. Скенирани/Копии не се прифаќаат. Гаранцијата може да се поднесе во хартиена форма на начин утврден во оваа тендерска документација, до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите. Доколку гаранцијата е достапна во оригинална електронска форма /електронска гаранција/ истата се прикачува преку ЕСЈН заедно со понудата и придружната документација. Гаранцијата мора да има рок на важност најмалку 14 дена по денот на истекот на важноста на понудата. Секоја понуда што не содржи гаранција на понудата, или содржи гаранција на понудата која не е во согласност со условите во тендерската документација, ќе биде отфрлена од страна на договорниот орган како неприфатлива.

**4.6.4.** Гаранцијата на понудата на неуспешните економски оператори се враќа во рок од 7 дена по склучување на договорот со најповолниот економски оператор.

**4.6.5.** Гаранцијата на понудата може да се наплати, ако

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

**4.6.6.** Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

**4.7. <u>Гаранција за квалитетно извршување на договорот:</u>**

**4.7.1.** Понудувачот кој ќе биде избран за најповолен понудувач-страна на рамковната спогодба е должен да достави по потпишувањето на поединечниот договор во рок не подолг од 5 (пет) дена, гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5 % од вкупната вредноста на договорот со вклучен ДДВ.

**4.7.2.** Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот се доставува до Договорниот орган.

**4.7.3.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 14 дена.

**4.7.4.** Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

**4.7.5.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

**4.7.6.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по потпишување на секој поединечен договор во рок од 10 дена од потпишување на договорот.

**4.7.7.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта, архива или лично на лицето за контакт кое ќе биде назначено од договорниот орган.

**4.7.8.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена од страна на договорниот орган доколку ЕО не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

**4.7.9.** Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

**4.7.10.** Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

**4.8. Гаранција за авансно плаќање:** Во оваа постапка не е предвидено авансно плаќање

**4.8.1. Форма, потпишување и начин на поднесување на понудата**

**4.8.1.1.** Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот "Општи и технички препораки за користењена ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

**4.8.1.2.** Дополнителни информации за користењето на дигитални сертификати: Понуда се потпишува електронски со употреба на дигитален сертификат, кој е издаден од регистриран издавач на сертификати во Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Дигиталниот сертификат треба да биде со важностнајмалку до моментот на јавното отворање.

Странски економски оператор може електронски да ја потпише понудата со употреба на квалификуван дигитален сертификат, кој е издаден од регистриран издавач на сертификати со седиште во Европска унија.

Во случај на употреба на квалификуван сертификат издаден од издавач со седиште во трета земја, сертификатот може да се смета за валиден доколку е исполнет еден од следните 3 услова:

- Издавачот ги исполнува условите за квалификуван сертификат пропишани со Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 6/02 и 98/08) и е доброволно акредитиран во Европската унија или
- Регистриран домашен издавач гарантира за странскиот сертификат како да го издал самиот или
- Така да е договорено со билатерален или мултилатерален меѓународен договор склучен помеѓу Република Северна Македонија и друга земја или меѓународна организација.

Комисијата го задржува правото доколку во текот на евалуацијата се посомнева во валидноста на употребениот сертификат или издавачот на сертификати да побара дополнителни информации или документи со кои ќе се докаже валидноста на сертификатот. За да се избегнат технички пропусти при утврдување на валидноста на сертификатот , препорачливо е економскиот оператор во понудата да наведе со кој софтверски пакет (Microsoft Office 2003, 2007, 2010, OpenOffice итн.) се потпишани документите.

Носител на дигиталниот сертификат со кој се потпишуваат документите кои се составен дел на понуда (финансиска и техничка понуда, изјави), задолжително треба да биде овластениот потписник на економскиот оператор или лице ополномоштено од овластениот потписник.

Полномошното ќе се смета за валидно доколку е приложено во:

а) електронска форма потпишано со дигитален сертификат на управителот или
б) во скенирана форма, со печат и своерачен потпис на управителот.

Понуди потпишани со дигитален сертификат чиј носител е лице кое нема никакво овластување за потпишување на понуда, ќе бидат отфрлени како понуди со формални недостатоци.

**4.9. Начин на доставување на понудата и придружната документација**

4.9.1 Понуди можат да достават само економските оператори кои ја презеле тендерската документација преку ЕСЈН.

4.9.2 Економскиот оператор понудата ја доставува во електронска форма преку ЕСЈН.

4.9.3 Економскиот оператор придружната документација ја доставува преку ЕСЈН, во скенирана електронска форма. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН. Бараната-придружната документација која не е достапна во електронска форма, се доставува во хартија во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

**4.10. Краен рок и место за поднесување на понудите**

**4.10.1.** Краен рок за доставување на понудите е во време и место определено **како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН.**

**4.10.2.** Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

**4.10.3.** Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган иекономскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

**4.10.4.** Документите кои ЕО ги доставува во хартиена форма треба да бидат доставени заклучно со истиот краен рок од Точка 4.10.1 од ТД.

**4.11. Алтернативни понуди**

**4.11.1.** Во оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка не се дозволени алтернативни понуди.

**4.12. Измена, замена и повлекување на понудата**

**4.12.1.** Понудувачите можат да ги изменат, заменат или повлечат своите понуди по поднесување на понудата, под услов измените, замените или повлекувањата да се добиени од договорниот орган пред крајниот рок за поднесување на понудите наведен во точка 4.10.1

**4.12.2.** Измените, замените и повлекувањата на понудите се спроведуваат преку ЕСЈН во модулот „Поднеси понуда", со додавање на нови документи, бришење на веќе поднесени документи или целосно повлекување на понудата.

**4.12.3.** Понудата не може да биде изменета, заменета или повлечена по крајниот рок за поднесување на понудите предвиден во точка 4.10.1.

**4.12.4.** Доколку со тендерската документација се бара доставување на гаранција на понуда, повлекувањето на понудата во периодот помеѓу крајниот рок за поднесување на понудите и истекувањето на периодот на важност на понудата ќе резултира со наплатување на гаранцијата на понудата и/ издавање на негативна референца.

**4.13. Отворање на понудите**

**4.13.1.** На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

**4.13.2.** Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

**4.13.3.** Овластените претставници на економските оператори на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор. Сите овластени претставници на економските оператори, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

**4.13.4.** Јавното отворање ќе се одржи во време и место определено како краен рок за доставување на понудите на ЕСЈН, на адреса на ул. 50 Дивизија бр.14, Министерство за здравство на Република Северна Македонија.

**4.13.5.** Доставените понуди се отвораат согласно Законот за јавните набавки и тоа: една по една, со читање на името на економскиот оператор, при што се констатира дали понудите се доставени според тендерската документација и дали се електронски потпишани, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени, освен понудите, кои согласно Законот за јавните набавки, се исклучуваат од натамошната постапка. После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата, вклучувајќи какви било попусти и постоењето на гаранција на понудата. Само попустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите.

**4.13.6.** Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

**4.13.7.** Во текот на отворањето на понудите се води записник од отворањето на понудите.

**4.13.8.** Записникот од јавното отворање на понудите по прикачувањето на ЕСЈН е достапен до понудувачите.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

### 5.1. Услови за утврдување способност

**5.1.1.** При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат **причини за исклучување од постапката**
- дали се исполнети условите за **квалитативен избор**

### 5.2. Утврдување на причини за исклучување од постапката

**5.2.1.** Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

**5.2.2.** Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

- кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

**5.2.3.** Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

**5.2.4.** Договорниот орган ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка:

- доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;
- доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за

концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, наплата на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, барање оштета, барање наплата пенали/договорна казна, или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

- доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

**5.3. Докажување на способноста дека не постојат причини за исклучување од постапката**

**5.3.1.** Економските оператори доставуваат **единствен документ за докажување на способноста** и/или потврди, изјави и други документи како доказ дека не постојат причини за исклучување од постапката.

**5.3.2.** Како документи дека не постојат причини за исклучување од точка 5.2 од оваа ТД договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

- во врска со точка 5.2.1 изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
- во врска со точка 5.2.2 потврда издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
- во врска со точка 5.2.3, извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

**5.3.3.** Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од точка 5.3.2 од оваа ТД или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на ЗЈН, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган (нотар или сл.) во која ќе појасни кои документи не се издаваат, кои евентуално документи се издаваат како замена на бараните, и истите ќе ги достави.

**5.3.4.** Документите од точките 5.2.1 и 5.2.2 не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

**5.3.5.** Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата способноста за неисклучување од постапката.

**5.3.6.** Доколку економскиот оператор или групата економски оператори користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, доставува документација за утврдување способност за неисклучување од постапката, за секој од предложените подизведувачи.

**5.3.7.** Договорниот орган задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи.

**5.4. Утврдување на условите за квалитативен избор на економските оператори**

За да ги докаже условите за квалитативен избор економскиот оператор треба да исполни условите за квалитативен избор :

- Економска и финансиска способност
- Способност за вршење професионална дејности
- Техничка и професионална способност и
- Стандарди за системи за квалитет

**5.4.1. Економска и финансиска способност**

**5.4.1.1.** Економскиот оператор треба да ги исполнува следните услови од економската и финансиската способност:

- Минимум годишен вкупен приход во висина од НЕ помалку 120.000.000,оо денари за последните 3 (три) фискални години.

**5.4.1.2**. Како доказ за квалификување како способен за извршување на предметниот договор од аспект на неговата економска и финансиска способност, економскиот оператор го докажува задолжително со доставување на следните документи:

- **Извештај за билансот на состојба** издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран.

**5.4.1.3**. Ако економски оператори поднесат пријава за учество како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата

**5.4.2. Способност за вршење професионална дејност**

**5.4.2.1.** Економскиот оператор треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
- Економскиот оператор треба да ги исполнува и посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот.

**5.4.2.2.** За докажување на исполнување на условите за професионална дејност економскиот оператор задолжително доставува:

- **Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД)** како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија
- **Доказ издаден од надлежен орган** за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка односно

најмалку **Лиценца "Б" за проектирање и изведба на објекти** издадена од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот.

**5.4.3. Техничка и професионална способност**

**5.4.3.1.** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **Понудувачот да има реализирано** минимум 3 (три) договори од сличен карактер, од кои 1 (еден) да е од областа на здравството со минимална бруто развиена површина од 550м2, без ограничување на времето кога се извршени услугите или соодветните испораки на стоки и работи.
- **Да располага со стручен и технички** персонал и технички органи за извршување на предметот на набавката.
- **Да има на располагање најмалку две екипи за извршување на предметот на набавка** кои ќе бидат ангажирани за реализација на најмалку две локации истовремено.

**5.4.3.2.** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 5.4. со доставување на:

- **Референтни листи или список** на испораки со потврда од крајни корисници за квалитетно и навремено извршени договори од сличен карактер, за реализирани минимум 3 (три) договори, од кои 1 (еден) да е од областа на здравството со бруто развиена површина од најмалку 550м2, со наведена бруто развиена површина.
- **Список на ангажиран стручен** и технички персонал и технички органи за извршување на предметот на набавката со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не.
- **Изјава** дека има на располагање најмалку две екипи за извршување на предметот на набавка кои ќе бидат ангажирани за реализација на најмалку две локации истовремено.

**5.4.3.3.** Доказите од точка 5.4.3.2 ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган.

Економскиот оператор е должен да му обезбеди пристап на договорниот орган во евиденција на персоналот кој ќе биде ангажиран за предметната набавка. Во случај да бидат затекнати други лица при изведба на работите од оние кој ќе бидат прикажани од економскиот оператор во понудата , договорниот орган има право на раскинување на договорот, а против економскиот оператор ќе бидат превземени понатамошни дејства согласно законот за јавни набавки и законот за облигациони односи.

**5.4.3.4.** Техничката и професионална способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект.

**5.4.3.5.** Економскиот оператор во постапката може да користи способност на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовни и стручни

квалификации или релевантно стручно искуство **само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност.**

**5.4.3.6.** Ако економскиот оператор ја докажува својата техничката и професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните ресурси.

**5.4.3.7.** Субјектот чија способност ја користи економскиот оператор треба да ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и причините за негово (не)исклучување.

**5.4.3.8.** Против субјектот кој ја обезбедува техничката и професионална способност поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

**5.4.3.9.** Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, техничката и професионална способност се докажува во согласност со 5.4.3.4, 5.4.3.5, 5.4.3.6, 5.4.3.7 и 5.4.3.8.

Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, техничката и професионална способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата.

**5.4.3.10.** Договорниот орган го задржува правото во фаза на евалуација дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи/ докази, со увид на само место или на друг соодветен начин.

### 5.4.4. Стандарди за системи за квалитет

**5.4.4.1.** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговите стандарди за систем за квалитет, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **ISO 9001:2015 Quality Management** System или „еквивалентно“
- **Сертификат за Безбедност и здравје на работно место OHSAS 18001 или „еквивалентно“**

**5.4.4.2.** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 5.4.4.1 со доставување на:

- **Сертификат ISO 9001:2015** Quality Management System стандард или „еквивалентно“
- **Сертификат за Безбедност и здравје на работно** место OHSAS 18001 или „еквивалентно“

Според принципот за заемно признавање, договорниот орган ги прифаќа еквивалентните сертификати издадени од тела основани во земјите членки на Европската Унија.

### 5.4.5. Стандарди за управување со животна средина

**5.4.5.1** За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговите стандарди за управување со животна средина, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- **ISO 14001-2015 Environmental** Management System или „еквивалентно“.

**5.4.5.2** Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 5.4.5.1 со доставување на:

- **Сертификат ISO 14001-2015** Environmental Management System или „еквивалентно“

**5.5. Критериум за доделување на договор за јавна набавка**
За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда е оценета како прифатлива и чија понуда е економски најповолна понуда утврдена врз основа на Цената.

**5.5.1.** Кај овој критериум за избор на најповолна понуда не се користат бодови, туку се врши рангирање на вкупните цени на понудите.

**5.6. Евалуација на понудите**
**5.6.1.** Кај отворената постапка, комисијата, најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Истовремено, согласно со член 101 став 13 од законот, на ЕСЈН ја проверува листата на издадени негативни референци.
**5.6.2.** При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.
**5.6.3.** Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.
**5.6.4.** Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.
**5.6.5.** Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик.
**5.6.6.** Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со критериумите наведени во тендерската документација.
**5.6.7.** По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**5.7. Заштита на податоци**
**5.7.1.** Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои економскиот оператор ги има означено како доверливи, особено кога станува збор за деловна тајна или се утврдени како класифицирана информација, освен доколку со Законот за јавни набавки или друг закон не е поинаку уредено.
**5.7.2.** Договорниот орган ќе обезбеди заштита на податоците, кои во согласност со прописите за заштита на личните податоци или заштита на класифицираните информации се сметаат за лични или за класифицирани информации.
**5.7.3.** Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или

трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.

**5.7.4.** Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

**5.7.5.** За таа цел, економскиот оператор треба да направи листа на доверливи информации со користење на Образецот на листа на доверливи информации даден во прилог на оваа тендерска документација, и истата да ја достави заедно со својата понуда.

**5.7.6.** Доколку економскиот оператор не ја достави листата на доверливи информации заедно со својата понуда, договорниот орган ќе смета дека предметната понуда не содржи информации од доверлив карактер.

**5.7.7.** По конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката, сите документи од постапката за јавна набавка, освен податоците кои се деловни тајни, класифицирани информации и лични податоци се сметаат за информации од јавен карактер.

**5.7.8.** Пред конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката не се применуваатпрописите кои го уредуваат пристапот до информации од јавен карактер.

### 5.8. Доверливост на процесот на евалуација на понудите

**5.8.1.** Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на економските оператори или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

### 5.9. Невообичаено ниска цена

**5.9.1.** Договорниот орган бара од економскиот оператор, во примерен рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на услугите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.

**5.9.2.** Договорниот орган, во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста напонудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.

**5.9.3.** Објаснувањето од претходната точка особено се однесува на:

- економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на услугите,
- оригиналноста на услугите понудени од страна на понудувачот,
- исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од Законот за јавни набавки,
- исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

**5.9.4.** Договорниот орган ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од претходната точка.

**5.9.5.** Договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Северна Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции кои се ратификувани во Република Северна Македонија.

**5.9.6.** Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде прифатена ако по барање дополнителни појаснувања, понудувачот докаже дека му била доделена државна помош во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**5.10. Исправка на аритметички грешки**

**5.10.1.** Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови.
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

**5.10.2.** Комисијата за јавни набавки ќе ги корегира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

**5.10.3.** Ако економскиот оператор не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена,ќе биде активирана гаранцијата на понудата и ќе објави негативна референца.

## 6. ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА/ ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПОНУДУВАЧИТЕ/ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**6.1. Одлука за избор на најповолна понуда**

**6.1.1.** Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

**6.1.2.** Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

**6.1.3.** Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

**6.1.4.** Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи

договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**6.2. Доделување на договор за јавна набавка**

**6.2.1.** Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

**6.2.2.** Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудитево конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

**6.2.3.** Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

**6.2.4.** Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда **во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор**, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

**6.2.5.** Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**6.2.6.** Договорниот орган, по спроведената електронска аукција,договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

**6.2.7.** Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена најповолна ќе биде избрана **порано поднесената понуда**.

**6.2.8.** Доколку во текот на постапката за доделување договор за јавна набавка, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов понудената цена да не е понеповолна од реалните цени на пазарот и да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со Законот за јавните набавки.

**6.2.9.** По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата). По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, избраниот понудувач ќе има обврска да го распредели намалениот износ на вкупната цена во споредба со првично понудената вкупна цена во рамки на ставките кои се составен дел на предметот на набавка.

**6.3. Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

**6.3.1.** По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој

поднел најниска понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

**6.3.2.** Пред истекот на периодот на важење на понудата, а најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда.

**6.3.3.** Во прилог на известувањето се доставува и примерок од соодветната одлука.

**6.3.4.** По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

## 6.4. Склучување на договорот за јавна набавка

**6.4.1.** Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рамки на нејзината важност, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

**6.4.2.** Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

**6.4.3.** Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 6 (шест) примероци на потпишување.

**6.4.4.** Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5(пет) дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган, заедно со банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, доколку е предвидена.

**6.4.5.** Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише и достави договорот во рокот и начинот утврден во точка 6.4.4 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот, да ја активира дадената Изјава за сериозност на понудата и да издаде негативна референца за понудувачот.

**6.4.6.** Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од 10 (десет) дена по склучувањето на договорот во отворена постапка, со доделување договор за јавна набавка.

**6.5. Извршување на договорот**

**6.5.1.** Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во оваа тендерска документација и избраната најповолна понуда.

**6.5.2.** Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

**6.5.3.** На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**6.5.4.** Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од **десет дена** од денот на целосната реализација на договорот.

**6.6. Измена на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност и раскинување на договор**

**6.6.1.** Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка согласно членот 119 од ЗЈН

**6.6.2.** Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

**6.6.3.** Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 3.2.3 од оваа ТД.

**6.6.4.** Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од алинеи 1 и 2 од точка 3.2.3 од оваа ТД, доколку носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од алинеја 3 од точка 3.2.3 од оваа ТД, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

**6.6.5.** Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите

**6.6.6.** За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

**6.6.7.** Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,

- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

**6.6.8.** Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**6.6.9.** Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

**6.6.9.1.** Доколку измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин, како што се одредби за корекција на цени или опции. Во тие одредби мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

**6.6.9.2.** За набавка на стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган;

**6.6.9.3.** Доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

**6.6.9.4.** Доколку првичниот носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајќи преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон;

**6.6.9.5.** Доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) на овој член.

**6.6.10.** Во случаите од точка (6.6.9) подточки(6.6.9.2 и 6.6.9.3), вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно. Доколку договорот за јавната набавка вклучува одредба за корекција на цени, основ за пресметување на максималната дозволена вредност на измените е вредноста на договорот со ажурираните цени.

**6.6.11.** Договорниот орган задолжително објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност и примерок од измената на договорот во рок од десет дена од денот на изменување

на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба во согласност со членот 119 од законот за јавни набавки.

**6.6.12.** Договорниот орган го раскинува договорот за јавна набавка спогодба за време на важноста доколку:

- договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;
- носителот на набавка се наоѓал во една од ситуациите поради кои договорниот орган морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката или
- договорот или рамковната спогодба не требало да му се додели на носителот на набавка поради сериозни повреди на овој закон кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 7.1. Начин и рок на плаќање

**7.1.1.** Се предвидува следниов начин на плаќање: Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од уредно извршен технички прием за секој објект поединечно, со доставена завршна ситуација и уредно потпишана фактура од страна на двете договорни страни во архивата на Договорниот орган.

**7.1.2.** Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

### 7.2. Рок и динамика

**7.2.1.** Носителот на набавката е должен да ги изведе работите во согласност со техничките спецификации и предметот на договор.

**7.2.2.** Рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци.

**7.2.3.** Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на договорот од страна на двете договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

**7.2.4.** Планот за трансфер како и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје.

**7.2.5.** Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 2 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на **најмалку две локации истовремено**.

**7.2.6.** Рокот за поставување на првата група од најмалку два објекти истовремено започнува да тече 2 месеци по потпишување на договорот од страна на договорните страни, а по добивање на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган и,
- писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје

**7.2.7.** Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Договорот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат и прецизно да се утврдат сите активности кои треба да се одвиваат на лице место.

**7.2.8.** Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен.

**7.2.9.** Доколку надзорниот орган има завршни забелешки, Изведувачот треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена. Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не постапи во целост по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

**7.2.10.** Рокот и местото на испорака се задолжителни. Секоја понуда која содржи рок и место на испорака поинакви од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

### 7.3. **Разлики во цена** (корекција на цени)

**7.3.1.** Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

### 7.4. Други видови гаранции

**7.4.1.** Гарантни рокови

**7.4.1.1.** Гарантниот рок за изведените работи изнесува 2 години.

**7.4.1.2.** За овој период Економскиот оператор е должен да врши отстранување на сите појавени недостатоци на работите кои се предмет на набавката.

**7.4.1.3.** Изведувачот одговара за недостатоците во изработката на градбата што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од две години од предавањето и приемот на работите.

## 8. ПРАВНА ЗАШТИТА

**8.1.** Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита

против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка,во рок од 10 (десет) дена согласно условите од член 143 став 1од законот за јавни набавки.

**8.2.** Правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Северна Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес.

**8.3.** Субјектите од претходните две точки имаат право да изјават жалба до ДКЖЈН согласно член 155 и 165 од законот за јавна набавка.

**8.4.** Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

## 9. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**9.1.** Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно член 114 од ЗЈН за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

**9.2.** Во случај на поништување на постапката за јавна набавка врз основа на ставот (1) алинеја 7 од членот 114, договорниот орган не смее да спроведе нова постапка за истиот предмет на набавка во период од една година од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката.

**9.3.** Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

**9.4.** Договорниот орган објавува известување за поништување на дел или на целата постапка за јавна набавка на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на поништувањето на постапката.

## 10. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**10.1.** Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

### II.1 Општ опис на предметот на набавката.

На територијата на Република Северна Македонија постојат вкупно 308 пунктови за здравствена заштита под 34 здравствени домови и 5 здравствени станици.

На територијата на Град Скопје во мрежата на здравствени установи од примарната здравствена заштита постојат два здравствени дома и три здравствени станици. Во мрежата на медицински единици – места и пунктови во примарната и превентивна здравствена заштита во Градот Скопје активни се 259 служби за општа медицина, три служби за медицина на трудот, 52 служби за здравствена заштита на деца од 0-6 години, шест служби за здравствена заштита на училишни деца и младина и 35 служби за здравствена заштита на жени, каде во 2018 година се извршени 4254220 посети согласно податоците на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

Министерството за здравство изврши скрининг на инфраструктурната состојба на објектите од амбулантно-поликлиничка дејност на Здравствен дом – Скопје кои претставуваат времени објекти и биле поставени во пост-земјотресниот период, со цел брзо реновирање на истите. При тоа во скринингот беа опфатени следните објекти: амбуланта Бутел, амбуланта Влае, амбуланта Ѓорче Петров, амбуланта Тафталице, амбуланта Козле, амбуланта Лисиче, амбуланта Аеродром-Пелагонија, амбуланта Автокоманда и амбуланта Карпош.

При скринингот на моменталната состојба утврдено е дека сите објекти претставуваат приземни бараки поставени на бетонска подлога подигната од терен, со фасадни и преградни ѕидови од бондручен систем со дрвена конструкција исполнета со изолација и дрвени завршни панели, дрвена кровна конструкција и кровен покривач од салонти, односно бараките се од монтажен времен карактер. Објектите се постари од 40 години и очигледни се оштетувањата кои се јавуваат во дотраените материјали и инсталации кои со тек на годините престанале да ги извршуваат примарните функции. Условите за работа во објектите се субстандардни што претставува особен проблем за извршување на основната намена, здравствената дејност. По функција, во овие објекти како содржини се опфатени следните: општи ординации, стоматолошки ординации, простории за интервенции, простории за превентива и подготовка, простории за имунизација, аптеки, како и помошно – административни содржини, картотеки, чекални, тоалети, техничка служба и слично.

При скринингот се утврдени и типизирани 4 типа на бараки согласно следната шема:




Согласно наведеното, јасна е потребата од брза и целосна реконструкција на наведените објекти, и со таа цел е избран модел за нивна замена со објекти од монтажен модуларен карактер, кои се претходно префабрикувани со користење на нови и современи материјали, по принципот „клуч на рака“. На терен монтажата на овие префабрикувани модули се одвива по системот на сува градба за што временските услови немаат особено влијание. Како карактер истите претставуваат времени објекти поточно објекти за кои не се издава одобрение за градење и се издава решение пропишано во членот 74 од Законот за градење.

**II.2 Опис на ставки со минимални барања**

Предмет на договорот е јавна набавка на работи, за **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје,** по моделот "клуч на рака". Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

1. Изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект, согласно член 74 став 2 од Законот за градење како и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, и тоа:
   - ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект)
   - елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување
   - геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови
2. Припремни работи.
   - Демонтажа и отстранување на постојни објекти и инсталации, со одвезување на градежен шут до депонија, без кршење на постојни бетонски плочи
   - Расчистување на локација од дрва и грмушки со одвоз и депонирање на депонија, ископ на земја од III категорија со одвоз и депонирање, насипување на земјен материјал со набивање, за објектот кој за прв пат се поставува
   - Останати активности кои ќе произлезат од основен проект
3. Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер во рамки на градежна парцела.
   - Исколчување и обележување на објектот према сите технички прописи за земјени работи, за објектот кој за прв пат се поставува.
   - Набавка, транспорт и насипување на чакал под подна плоча со распростирање, планирање и набивање со вибрации со д=10-20см до постигнување на минимален модул на стисливост согласно градежните стандарди, за објектот кој за прв пат се поставува односно доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога.
   - Изработка на армирано бетонска подна плоча за објектот кој за прв пат се поставува и/или доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога, односно санирање на постојна армирано бетонска подна плоча.
   - Изработка на приклучоци на водоводна, канализациона и електрична мрежа од приклучно место до објект, односно санирање на постојни инсталации.
   - Изработка и одбележување на пристапни патеки за пешаци.
   - Поставување на урбана опрема и зеленило во дворно место
   - Останати активности кои ќе произлезат од основен проект

4. Изработка/набавка, транспорт и монтажа на модуларната градба или групата на модуларни градби, со меѓуспратна висина од под до плафон од 2,55м и **минимални барања** како што следи:

**- Конструкција:** димензионирани челични профили според статичка пресметка за носивост согласно Основен проект. Минимални барања: челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или „еквивалент", согласно МКС EN10025-2:2009. Дебелина на челичната конструкција, најмалку 3мм.

**- Ѕид:** Еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице" по избор на инвеститорот. Дебелина на внатрешно "лице" најмалку 0,4мм и надворешно фасадно "лице" најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002; **Фасадно обликување по избор на инвеститорот.**

**- Под:** Поцинкуван лим со дебелина на ѕид 0,80мм - 1,50мм; Термоизолација 10 см екструдиран полистирен; Челична конструкција со димензионирање на челичните профили според статичка пресметка; Водоотпорна иверка 20 мм со соодветен заптивен/амортизационен материјал за поврзување со челичната конструкција; ОСБ плочи; Хомогена пвц подна облога во ролни со мин. д= 2мм, со зајакната pur xr заштита, класа на експлоатација 34/43, мин. 3000гр/м2, абразивна група 4.00мм3, погоден и отпорен на абење при експлоатација, отпорен на огин, електростатичен, отпорен на бактерии, хемикалии и лизгање во согласност со EN13501, ISO26987-EN423, ISO846. Лепен со соодветно лепило и варен со соодветни електроди, завршно обработен со холкер/форматизер, со радиус 25мм, висина 10 см, со дебелина 2мм на соодветна подлошка. Завршниот слој на подната облога да биде обработен без прекини и бариери во поединечните и заедничките простории, освен на места каде е неопходно поставување на подни лајсни.

**- Плафон:** еколошки ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице". Дебелина на пластифициран лим внатрешно најмалку 0,4мм надворешно најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002.

**- Столарија:** Прозори со два степени на отварање и со термопан стакло со димензии и диспозиција согласно основен проект, внатрешни венецијанер ролетни и матирарање на 50% од стаклена површина со фолија, и заштитна надворешна мрежа-комарник; Внатрешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект, комплет со потребен оков, квака, брава за заклучување, граничник на под и нумерација на простосторија со натпис за намена на просторија со димензии 12/24 см. Надворешни влезни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект и избор на инвеститор.

**- Систем за ладење и греење:** инвертер ситем за климатизација – најмалку 3,5 KW

**- Инсталации**: електрична инсталација: ЛЕД светла x 18w, број и диспозиција согласно основен проект; електрични прекинувачи; монофазни надградни приклучоци; монофазни

надградни приклочоци за клима уред; разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со автоматски осигурачи; доводна IP табла;

**- Кровна конструкција, кровен покривач:** Кровна конструкција изработена од челични профили решетки, со дебелина на челичната конструкција од најмалку 3мм (димензионирање според статичка пресметка во основен проект), со минимум наклон од 10%, завршно покривање од челичен поцинкуван и пластифициран лим, d=0.5мм. Кровниот покривач да биде изработен со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Во кровниот покривач да се вклучи комплет опшивање, вентилирање на кровот, хоризонтални и вертикални олуци, снегобран и громобранска заштита и да биде термоизолиран.

| ред.број | ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ОЗНАКА НА ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ | ОПШТИНА | ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| 1 | Тип А | | | | | | |
| | | А.01 | Амбуланта Бутел | Општина Бутел | 5067 | Бутел | 531 |
| | | А.02 | Амбуланта Влае | Општина Карпош | 7583/1 | Влае | 540 |
| 2 | Тип Б | | | | | | |
| | | Б.03 | Амбуланта Ѓорче Петров | Општина Ѓорче Петров | 4471/1 | Ѓорче Петров 3 | 606 |
| | | Б.04 | Амбуланта Тафталице | Општина Карпош | 3072 | Карпош | 586 |
| | | Б.05 | Амбуланта Козле | Општина Карпош | 5567 | Карпош | 587 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Б.06* | Амбуланта Кисела Вода | Општина Кисела Вода | (нова градба на територија на Општина Кисела Вода)* | | |
| 3 | **Тип В** | | | | | |
| | В.07 | Амбуланта Лисиче | Општина Аеродром | 2221/3 | Кисела Вода 2 | 524 |
| | В.08* | Амбуланта Аеродром – Пелагонија | Општина Аеродром | 414 | Кисела Вода 2 | 550 (220)* |
| | В.09 | Амбуланта Автокоманда | Општина Гази Баба | 1011 | Гази Баба | 532 |
| 4 | **Тип Г** | | | | | |
| | Г.10 | Амбуланта Карпош | Општина Карпош | 2163 | Карпош | 606 |

**Еконимскиот оператор со својата понуда задолжително треба да ги испоилнува следниве услови:**

- **Да обезбеди гаранција на опремата** од најмалку 2 (две) години, сметано од денот на примопредавање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис;
- **Да потврди** дека опремата, предмет на набавка, ќе биде нова и неупотребена.

**Прилог 1**

III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________објавен од страна на Министерство за здравство на Република Северна Македонија, за доделување на договор за јавна набавка на работи, **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака",** со спроведување на отворена постапка преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

I.1. Име на понудувачот /Носител на групата: **..........................................................................**

Групата на понудувачи е составена од (доколку е групна понуда, во спротивно се брише) :

1. ..........................................................................................................,
2. ..........................................................................................................,
3. ..........................................................................................................,

I.2. Контакт информации на понудувачот /Носител на групата :

Адреса : **..........................................................................................................................**

Телефон : **.............................................................**

Факс : **.............................................................**

Е-пошта : **...............................................................................................**

Лице за контакт : **........................................................................................................................**

I.3. Одговорно лице: **..........................................................................................................................**

I.4.1 Единствен даночен број: ___________________________________________

I.4.2 Единствен матичен број на субјектот: ____________________

I.5. Нашата понудата е составена од следниве делови

- пополнет образец на Понуда составена од I. ОПШТ ДЕЛ и II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА и III. ФИНАНСИСКА ПОНУДА
- пополнет образец на листа на доверливи информации (*ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува*),
- Документи за утврдување на способноста, согласно точка 5.4 од тендерската документација
- Гаранција на понуда,
- Изјава за обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорот
- договор за групна понуда [доколку се работи за група на понудувачи]

I.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Техничката и Финансиската понуда.

I.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

## II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА

| Ред .број | ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ОЗНАКА НА ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ | ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Тип А** | | катастарска парцела во рамки на градежна парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | А.01 | Амбуланта Бутел | 5067 | Бутел | 531 |
| | А.02 | Амбуланта Влае | 7583/1 | Влае | 540 |
| 2 | **Тип Б** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Б.03 | Амбуланта Ѓорче Петров | 4471/1 | Ѓорче Петров 3 | 606 |
| | Б.04 | Амбуланта Тафталице | 3072 | Карпош | 586 |
| | Б.05 | Амбуланта Козле | 5567 | Карпош | 587 |
| | Б.06* | Амбуланта Кисела Вода | (нова градба - предлог од Општина Кисела Вода)* | | |
| 3 | **Тип В** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | В.07 | Амбуланта Лисиче | 2221/3 | Кисела Вода 2 | 524 |
| | В.08* | Амбуланта Аеродром - Пелагонија | 414 | Кисела Вода 2 | 550 (220)* |
| | В.09 | Амбуланта Автокоманд а | 1011 | Гази Баба | 532 |
| 4 | **Тип Г** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | Г.10 | Амбуланта Карпош | 2163 | Карпош | 606 |

| ОПИС НА БАРАНОТО ЗА СИТЕ ТИПОВИ | ОПИС НА ПОНУДЕНОТО |
|---|---|
| 1. **Изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект**, согласно член 74 став 2 од Законот за градење како и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење: Ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект); Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување; Геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови.<br><br>2. **Припремни работи.** Демонтажа и отстранување на постојни објекти и инсталации, со одвезување на градежен шут до депонија, без кршење на постојни бетонски плочи; Расчистување на локација од дрва и грмушки со одвоз и депонирање на депонија, ископ на земја од III категорија со одвоз и депонирање, насипување на земјен материјал со набивање, за објектот кој за прв пат се поставува; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект.<br><br>3. **Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер во рамки на градежна парцела.** Исколчување и обележување на објектот према сите технички прописи за земјени работи; Набавка, транспорт и насипување на чакал под подна плоча со распростирање, планирање и набивање со вибрации со д=10-20см до постигнување на минимален модул на стисливост согласно градежните стандарди, за објектот кој за прв пат се поставува односно доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога; Изработка на армирано бетонска подна плоча за објектот кој за прв пат се поставува и/или доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога, односно санирање на постојна армирано бетонска подна плоча, согласно основен проект; Изработка на приклучоци на водоводна, канализациона и електрична мрежа од приклучно место до објект, односно санирање на | |

| | |
|---|---|
| постојни инсталации; Изработка и одбележување на пристапни патеки за пешаци; Поставување на урбана опрема и зеленило во дворно место; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект .<br><br>**4. Изработка/набавка, транспорт и монтажа на модуларната градба или групата на модуларни градби, со меѓуспратна висина од под до плафон од 2,55м и минимални барања:**<br><br>**Конструкција:** димензионирани челични профили според статичка пресметка за носивост согласно основен проект, челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или „еквивалент“, согласно МКС EN10025-2:2009, дебелина на челичната конструкција најмалку 3мм; **Ѕид:** Еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице" по избор на инвеститорот, дебелина на внатрешно "лице" најмалку 0,4мм и надворешно фасадно "лице" најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002, фасадно обликување по избор на инвеститорот; **Под:** поцинкуван лим со дебелина на ѕид 0,80мм - 1,50мм, термоизолација 10 см екструдиран полистирен, челична конструкција со димензионирање на челичните профили според статичка пресметка, водоотпорна иверка 20 мм со соодветен заптивен/амортизационен материјал за поврзување со челичната конструкција, ОСБ плочи, хомогена пвц подна облога во ролни со мин. д= 2мм, со зајакната pur xr заштита, класа на експлоатација 34/43, мин. 3000гр/м2, абразивна група 4.00мм3, погоден и отпорен на абење при експлоатација, отпорен на огин, електростатичен, отпорен на бактерии, хемикалии и лизгање во согласност со EN13501, ISO26987-EN423, ISO846, лепен со соодветно лепило и варен со соодветни електроди, завршно обработен со холкер/форматизер, со радиус 25мм, висина 10 см, со дебелина 2мм на соодветна подлошка, завршниот слој на подната облога да биде обработен без прекини и бариери во поединечните и заедничките простории; **Плафон:** еколошки ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице", дебелина на пластифициран лим внатрешно најмалку 0,4мм надворешно најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот | |

| | |
|---|---|
| најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002; **Столарија:** прозори со два степени на отварање и со термопан стакло со димензии и диспозиција согласно основен проект, внатрешни венецијанер ролетни и матирарање на 50% од стаклена површина со фолија, и заштитна надворешна мрежа-комарник; внатрешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект, комплет со потребен оков, квака, брава за заклучување, граничник на под и нумерација на простосторија со натпис за намена на просторија со димензии 12/24 см.; надворешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект по избор на инвеститор; **Систем за ладење и греење:** инвертер ситем за климатизација – најмалку 3,5 KW; **Инсталации:** електрична инсталација: ЛЕД светла x 18w, број и диспозиција согласно основен проект; електрични прекинувачи; монофазни надградни приклучоци; монофазни надградни приклочоци за клима уред; разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со автоматски осигурачи; доводна IP табла; **Кровна конструкција, кровен покривач:** Кровна конструкција изработена од челични профили решетки, со дебелина на челичната конструкција од најмалку 3мм (димензионирање според статичка пресметка во основен проект), со минимум наклон од 10%, завршно покривање од челичен поцинкуван и пластифициран лим, d=0.5мм, со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Кровниот покривач да биде изработен со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Во кровниот покривач да се вклучи комплет опшивање, вентилирање на кровот, хоризонтални и вертикални олуци, снегобран и громобранска заштита и да биде термоизолиран. | |

**Нашата понуда важи во рок од ..... дена** од датумот на јавното отварање за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок.

**Рок и начин на испорака:** согласни сме со рокот и начинот на испорака, зададен од страна на Договорниот орган.

**Гаранција на опремата** од најмалку 2 (две) години, сметано од денот на примопредавање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис;
**Потврдуваме** дека опремата, предмет на набавка, ќе биде нова и неупотребена.

### III.2.ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| Ред. бр. | Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака". | Број на објекти | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупен износ со ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **ТИП А** | | | | |
| • | А.01 | 1 | | | |
| • | А.02 | 1 | | | |
| • | **ТИП Б** | | | | |
| • | Б.03 | 1 | | | |
| • | Б.04 | 1 | | | |
| • | Б.05 | 1 | | | |
| • | Б.06* | 1 | | | |
| • | **ТИП В** | | | | |
| | В.07 | 1 | | | |
| | В.08* | 1 | | | |
| | В.09 | 1 | | | |
| | **ТИП Г** | | | | |
| | Г.10 | 1 | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | |

(Вкупната цена се изразува со букви. Во случај понудата да е поднесена од странски економски оператор, вкупната цена се изразува со букви на англиски јазик.)

Вкупна цена без ДДВ (со зборови)
.................................................................................................................................................. ден.

Вкупно ДДВ (со зборови)
....................................................................................................................................................... ден.

Вкупна цена со ДДВ (со зборови)
....................................................................................................................................................... ден

Печат и потпис на одговорно лице: Електронски потпис на одговорно лице:

_____________________________ ___________________________________

**Прилог 2**

ИЗЈАВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**И З Ј А В А**

Изјавувам дека доколку ни биде доделен договор за јавна набавка во отворена постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-аукција бр. .................... за набавка на:

.........................................................................................................................................................,

[ предмет на набавка ]

Ќе доставам банкарска гаранција за квалитетни извршување на договорот во висина од 5 % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ, со важност согласно потточка. 4.7 од тендерската документација.

Во ..................................  Овластено лице

......-......-2020. година  ....................................................

( потпис )2

[2] Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него

ПРИЛОГ бр. 3 - ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ[3]

| | |
|---|---|
| *1. Назив на економскиот оператор / претставник на група економски оператори / член на група економски оператори:* | |
| | |
| *2. Адреса на седиштето:* | |
| *3. Телефон:* | *4. Контакт:* |
| *5. Факс:* | *6.e-mail:* |
| *7. Место на основањето/регистрацијата:* | *8. Година на основањето/регистрацијата:* |
| *9. Основни дејности на економскиот оператор:* | |

[3] Во случај на групна пријава за учество, образецот со општи информации се пополнува за секој член на групата на економски оператори.

**МОДЕЛ[4] НА ДОГОВОР[5]**

**Д О Г О В О Р**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1.Министерство за здравство**, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс +38923113014, застапувано од Министерот Доц. Д-р Венко Филипче (во понатамошниот текст „**Договорен орган**“) од една страна,
и
**2.** ________________________________________________, со адреса ____________________________, ЕДБ ________________, ЕМБС ____________ застапувано од____________________( во понатамошниот текст „**Носител на набавката**,) од друга страна.

**Договорниот орган** и **Носителот на набавката** во натамошниот текст заедно ќе бидат именувани како: **Договорни Страни.**

**Член 1**

Составен дел на овој Договор се следните прилози:
- Прилог 1 – Прифатената понуда со намалени цени по одржана електронска е-аукција - Прилог
- Прилог 2 – Технички спецификации
- Прилог 3 – Тендерска документација

Условите наведени во тендерската документација, Технички спецификации/ Основен проект и во понудата се задолжителни елементи на овој Договор.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на следните работи:
Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака”. Предметот на договор ги опфаќа следните активности:

- Изработка на основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење

______________________

[4]Договорниот орган го задржува правото да направи одредени корекции во однос на одредбите од моделот на договор, освен на условите дефинирани во тендерската документација.

[5]Моделот на договор даден во тендерската документација не треба да биде потпишан електронски заедно со понудата. Истиот се дава само за увид на економките оператори за да се запознаат со заедолжителните елементи на договорот.

- Припремни работи, демонтажа и рушење
- Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер
- Поставување на модуларната градба или група на модуларни градби

Условите наведени во тендерската документација и во понудата се задолжителни елементи на овој Договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Изведувачот, работите наведени во член 2 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна вредност од __________ денари без ДДВ, вредноста на ДДВ изнесува вкупно __________ денари. Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува __________ денари.

Единечните цени за изразување се дадени во понудата, односно предмер пресметката, која е составен дел на овој Договор и истите се фиксни и непроменливи по било кој основ.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Договорот за јавна набавка ќе биде склучен со времетраење од 24 месеци, сметано од денот на склучување на Договорот и ќе се смета за завршен заклучно со датумот на исполнување на обврските од Договорот.

**РОК И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци.

Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на договорот од страна на договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

Планот за трансфер како и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје.

Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 2 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на најмалку две локации истовремено.

Рокот за поставување на првата група од најмалку два објекти истовремено започнува да тече 2 месеци по потпишување на договорот од страна на договорните страни, а по добивање на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган и,
- писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје

Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Договорот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат, прецизно да се утврдат сите активности на лице место и да се предвидат казнени поени за непочитување и непопстапување согласно утврдениот и одобрен динамички план.

Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен. Доколку надзорниот орган има завршни забелешки, Носителот на набавка треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена. Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не постапи во целост по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

Рокот и местото на испорака се задолжителни.

**Член 6**

Воведувањето на Носителот на набавката во изведувањето на работите опфаќа:

- Предавање на проектна документација на Носителот на набавката за изведување на работите.
- Предавање на градилиштето под кое се подразбира обезбедување на Носителот на набавката право на пристап во објектот за изградба;

За воведувањето на Носителот на набавката во работата, Надзорниот орган составува посебен записник и тоа се констатитра во градежниот дневник.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Се предвидува следниов начин на плаќање:

Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од уредно извршен технички прием за секој објект поединечно, со доставена завршна ситуација и уредно потпишана фактура од страна на двете договорни страни во архивата на Договорниот орган.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен при изведување на работите да води градежната книга.

Во градежната книга задолжително треба да бидат наведени сите изведени работи.

Главниот инженер за надзор и контрола по приемот на завршната ситуација, а во рок од најмногу 5 работни дена, може да стави забелешка на истата.

Договорниот орган има дополнителни 5 работни денови да достави свои забелешки.

За забелешките Носителот на набавката се известува писмено или преку градежен дневник.

Во случај на непостапување по забелешките, Договорниот орган може да ја одбие исплатата само на износот оспорен со забелешките.

Главниот Надзорен инженер со свој потпис ги потврдува количините на изведените работи по завршните ситуации.

**Член 9**

Завршните ситуации Носителот на набавка може да ги достави и во периодот на припрема на фактичката изведба доколку извршил набавка на потребни материјали за вградување поврзани со предметот на набавка. Завршните ситуации за набавка на потребни материјали задолжително треба да бидат потврдени од Главниот Надзорен инженер кој со свој потпис ги потврдува количините по складирање и одржување на истите до вградување.

Завршната ситуација се доставува до Договорниот орган најкасно во рок од 5 (пет) дена по истекот на периодот за кој се однесува. Завршната ситуација Носителот на набавката ја доставува заверена и ја поднесува на исплата по завршеното примопредавање на изведените работи.

**Член 10**

Договорниот орган има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавање на работите, врз основа на конечната завршна ситуација.

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за отстранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката на писмена покана од Договорниот орган не ги отстрани тие недостатоци во примерниот рок од 15 дена.

Задржаниот износ, односно неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката во рок од 60 дена од денот на примопредавање на работите, односно веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

**РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА**

**Член 11**

Цените дадени во понудата од страна на изведувачот се фиксни и непроменливи.

**Член 12**

Со овој Договор не се предвидува авансно плаќање.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 13**

Носителот на набавката е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите кои се определени со овој Договор, согласно важечката законска регулатива и техничките нормативи, во рокот определен во членот 5 од овој Договор.

- Носителот на набавката треба да изработи и достави ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект), елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување и геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови, во тесна соработка со одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган.

- Носителот на набавката ќе испраќа графички прилози до одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган во електронска работна верзија од тековната изработка на проектната документација, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки. Носителот на набавката е должен да изврши разработка на изведбени детали и нивно одобрување од страна на Надзорниот орган.
- Носителот на набавката по изготвување на целокупната проектна документација има обврска истата да ја достави до Здравствен дом Скопје, кој со барање ке ја проследи до надлежен орган за издавање на Решение во согласност со одредбите од Законот за градење.
- Носителот на набавката е должен да ги започне планираните активност за реализација на набавката откако ќе добие писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници што е обврска на Здравствен дом Скопје. Трансферот на корисници подразбира целосно преместување на сите движни ствари од габаритот на објектот, на претходно обезбедена локација од страна на Здравствен Дом – Скопје.
- Со добиено Решение издадено од надлежен орган, а согласно одредбите од Законот за градење и по добиена писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници, надзорниот орган има обврска да го воведе во работа носителот на набавката со што започнува рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти.
- Носителот на набавката е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од Надзорниот орган.
- Носителот на набавката е должен завршните ситуации за наплата на извршените работи и/или набавените материјали, заверени од Надзорниот орган, да ги доставува до Договорниот орган.
- Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му го предаде Проектот на изведена состојба по завршувањето на работите, односно по раскинувањето на Договорот.
- Носителот на набавката е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината. Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува
- Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање или уништување.
- Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој од нив ги обезбедува и чува своите работи, опрема и материјали
- Носителот на набавката ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропагање
- По завршените работи, односно по раскинувањето на договорот, Носителот на набавката е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги поставил и да го исчисти објектот и градилиштето.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 14

Договорниот орган е должен да соработува со Носителот на набавката за време на изготвување на проектната документација, преку одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка. Сите графички прилози кои Носителот на набавката ќе ги испрати во електронска работна верзија, Договорниот орган е должен да ги одговори во најкраток можен рок, со цел запазување на роковите предвидени за реализација.

Договорниот орган и Здравствен дом Скопје ќе изготват интерни планови за реализација и трансфер на корисници.

Договорниот орган е должен да именува свој Надзорен орган и со писмо да го извести Носителот на набавката за тоа.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

**ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ**

**Член 15**

Договорот за јавна набавка може да се измени доколку се појават работи кои не се вклучени во основниот Договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на Носителот на набавката:

а) не е можна од економски или технички причини, и

б) ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на Договорниот орган.

Доколку промената е потребна поради околности кои Договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка.

Доколку првичниот Носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот Носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајки преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на Договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон.

Доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење и измената на Договорот за јавна набавка не е значителна.

Вкупната вредност на измените на Договорот за јавна набавка не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот Договор.

Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно.

Измената на Договорот за јавна набавка се смета за значителна доколку поради неа Договорот значително се разликува од првично доделениот Договор за јавна набавка, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапка за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на Договорот за јавна набавка во корист на Носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот Договор

в) со измената значително се проширува опфатот на Договорот за јавна набавка

г) друг економски оператор го заменува првичниот Носител на набавка, освен во случаите од ставот 3 на овој член.

Документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои Договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на Договорот.

Носителот на набавката е должен по писмен налог од Договорниот орган и по склучување на Анекс за измена на Договорот во текот на неговата важност, да ги изведе работите кои се појавиле од непредвидените околности.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности, пред отстапувањето на трето лице да му го понуди на Носителот на набавката.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности да му ги отстапи на Носителот на набавката, а на трето лице може да му ги отстапи ако Носителот на набавката одбие да ги изведе воопшто или навремено.

## ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

### Член 16

Носителот на набавката може дел од Договорот за јавна набавка да го додели на подизведувач.

Доколку Носителот на набавката користи подизведувач при извршувањето на Договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од Договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи,
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на Договорот за јавна набавка од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од Договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на Договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од Договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, Носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од ставот (2) на овој член.

Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од ставот (3) алинеи 1 и 2 на овој член, доколку Носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од ставот (3) алинеја 3 на овој член, ако Носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

За одбивањето на подизведувачот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето.

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за Носителот нанабавката, доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, пришто:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на Носителот нанабавката ќе ги покрие договорниот орган,
- Носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, Договорниот орган бара од Носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена одденот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката

**НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

**Член 17**

Договорниот орган има право да врши надзор на изградба над работите на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Стручен надзор на работата на објектот врши договорниот орган преку Надзорен орган кој го контролира видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и на опремата, запазување на предвидените рокови, како и друго согласно Закон за градење и други позитивни законски прописи.

Надзорниот орган полноважно го застапува Договорниот орган пред Носителот на набавката.

Заради вршење на надзор на изградба Договорниот орган има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзор на изградба го врши Надзорниот инженер што ќе го определи Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган вршење на надзор на изградба.

Носителот на набавката е должен да постапи по сите основни барања од Договорниот орган поднесени воврска со вршењето на стручниот надзор.

**НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ**

**Член 18**

Веднаш по завршувањето на работите Носителот на набавката го известува Договорниот орган декаработите што се предмет на Договорот се завршени.

Носителот на набавката изготвува писмен извештај за изведените работи, согласно Законот за градење.

Изведувачот треба да достави сертификати и записници за техничка исправност на вградените опреми и материјали.

**Член 19**

Договорниот орган, Надзорот и Носителот на набавката се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Ако една од договорните страни без оправдана причина го одбие учеството во конечната пресметка или го одолжува своето учество во изработката на пресметката, другата договорна странаможе самиот да изврши пресметка и за тоа да ја извести другата страна.

**Член 20**

Записникот за примопредавање може да го состави само една договорна страна без учествона другата договорна страна во случај другата договорна страна неоправдано го одбие учеството воприморедавањето или неоправдано не присуствува на поканата да учествува во примопредавањето. Записник се доставува до другата договорна страна. Со денот на доставувањето на записникотнастануваат последиците во врска со примопредавањето.

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Носителот на набавката треба насвој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Носителот на набавката е долженведнаш да пристапи кон изведување на тие работи.

## УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 21**

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Надзорниот орган и на Договорниот орган постојан надзор над работите и контрола на количеството, квалитетот и соодветноста на употребениот материјал.

Носителот на набавката е должен во објектот да вградува материјали и опрема во се према проектната документација и техничките прописи и стандарди за овој тип објекти, одобрени од Надзорниот орган и Договорниот орган.

Носителот на набавката е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот квалитет согласно овој Договор.

Носителот на набавката е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да овозможи контрола на Надзорниот орган и на Договорниот орган.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Трошоците на контролата ги поднесува Носителот на набавката. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

Ако Носителот на набавката не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Договорниот орган има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Договорниот орган има право да бара Носителот на набавката да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Ако Носителот на набавката во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Надзорниот органи Договорниот орган и не ги отстрани недостатоците на изведените

работи и по задржување насразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците, Договорниот орган може да го раскине Договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета што настанала поради неквалитетноизведените работи и поради раскинувањето на Договорот.

Ако Носителот на набавката не ги отстрани во примерениот рок од 15 дена недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Договорниот органможе, врз товар на Носителот на набавката отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице. Притоа Договорниот орган е должен да постапува како добар стопанственик.

## ДОГОВОРНА КАЗНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
### Член 22

Ако Носителот на набавката, работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување наработите, доцни со изведувањето на работите, тој е согласен на Договорниот орган да му плаќа договорна казна.

Во случај на задоцнување или неисполнување на обврските од страна на Носителот на набавката во утврдениот рок, Договорниот орган има право на договорна казна во висина од 0,3% од вкупнатавредност на договорот со пресметан ДДВ за секој ден на доцнење, но вкупно не повеќе од 3% одвредноста на Договорот.

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

Во случај на доцнење со извршување на обврската или во случај на неисполнување наобврската од страна на носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета идоговорна казна.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

## ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ
### Член 23

Изведувачот потребно е да достави гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ, во рок од 7 дена по потпишување на Договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 90 дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Банкарската гаранција е услов за полноважност на овој Договор.

Непродолжување на банкарската гаранција во случај на настанати непредвидени околности кои би го продолжиле рокот за реализација на предметот на Договорот регулиран со Анекс на договор, а по претходно барање за продолжување на рокот од страна на Договорниот орган до Носителот на набавката, ќе биде основ за раскинување на договорот како и основ за активирање на важечкатабанкарска гаранција.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот нанабавката не исполни некоја од обврските од Договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од Договорот за јавна набавка согласно договореното, Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: попошта или лично на лицето за контакт за административни прашања.

Доколку Договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

## ГАРАНТЕН ПЕРИОД
### Член 24

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со Договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат недостатоци што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со Договорот.

Гарантниот рок за изведените работи изнесува 2 години. За овој период Носителот на набавката е задолжен да врши одржување на објектот и сервисирање на инсталираната опрема.

Носителот на набавката одговара за недостатоците во изработката на објектот што се однесуваат нанеговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од десет години од предавањето и приемот на работите.

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката безодлагање.

Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок од 15 (петнаесет) дена за отстранување на недостатокот.

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1,2 и 3 на овој член.

**ВИША СИЛА**
**Член 25**

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на Договорот, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Виша сила, според овој Договор, значат настани кои не зависат од Носителот на набавката, кои не се резултат на грешка или невнимание на Носителот на набавката и настани кои што во моментот на склучувањето на Договорот не можеле да се предвидат.

Настани на виша сила според овој Договор се војна или револуции, пожари, поплави, епидемии, карантински забрани или транспортни ембарга и други непредвидливи состојби.

Ако настане состојба на виша сила, Носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Надзорниот орган и Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, Носителот на набавката ќе продолжи и понатамуда ги извршува договорните обврски додека тоа е изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на Договорот, што нема да биде спречено од виша сила.

Ако настаните на виша сила продолжат да траат за период од 60 дена, страните на овој Договор можат, со заедничка согласност да го прекинат договорот, без ниедна страна да сноси одговорност кон другата.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**УСЛОВИ НА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 27**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна,може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок,другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување наобврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не јаисполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот.

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договороти да бара надомест на штета.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот едолжна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом

дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другатастрана ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

Ако Носителот на набавката во рок од 8 (осум) дена, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од изведувачот надомест на штетата.

Ако постои оправдано сомневање дека работите нема да бидат изведени во договорениот рок, Договорниот орган има право да побара од Носителот на набавката да превземе потребни мерки со кои сеобезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план наградењето.

Доколку и по барањето од став еден на овој член не се забрзаат работите и не се усогласат содоговорениот план на градењето, Договорниот орган може на сметка на Носителот на набавката да ангажира трето лице кое што ќе ги изведе работите на сметка и на трошок на Носителот на набавката.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 28

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорнитестрани ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивнонадлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основен суд Скопје 2 Скопје.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 29

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само сописмена спогодба.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другатастрана да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма иако се потпишани од двете договорни страни.

### Член 30

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трети страни, без взаемна писмена согласност.

### Член 31

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три)примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган<br>Министерство за здравство | Носител на набавка |
| --- | --- |
| ______________________ | ______________________ |
| **Министер,**<br>**Доц. д-р Венко Филипче** | |

Бр. 23-1431/5

10-03-2021 година

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

**До**
**Економски оператори**

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР НА ПОСТАВЕНИ ПРАШАЊА

Министерство за здравство објави постапка за а доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи – **замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака.со оглас број 01879/2021. Во текот на огласот доставени се прашања од страна на Економските оператори за кои ги даваме следниве одговори:**

Прашање 1: Во делот за исполнување на техничка и професионална способност се бараат потврди за минимум 3 реализирани договори од кое едната да е од областа на здравството со бруто развиена површина од најмалку 550м2 без ограничување на времето кога се извршени услугите или соодветните испораки на стоки и работи. Ве молиме да дадете одговор дали потврдите според горе наведеното треба да се однесуваат на изведба на услуги од областа на проектирање или за изведба на работи и испорака на стоки со бруто површина од 550 м2?

Одговор: Имајќи го во предвид видот на постапката кој е дефиниран како Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи, при што во договорите "клуч во рака" услугите и стоките не се набавуваат одделно туку се дел од постапката за избор на изведувач на работите, според тоа Договорниот орган утврдил минимални услови со кои економските оператори ќе докажат дека имаат доволно искуство кое се однесува на искуство во изведување на работите.

Прашање 2: Во делот каде што се бара да има на располагање најмалку две екипи


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

за извршување на предметот на набавка, што се подразбира под екипа? Дали треба да биде назначен бројот на лицата во секоја екипа со што би можело економските оператори соодветно да се евалуираат?

**Одговор:** Економскиот оператор при формирање на најмалку две екипи треба да го има во предвид предметот на договор, и динамиката утврдена во точка „7.2. Рок и динамика" од Тендерската документација. Економскиот оператор истото го докажува со Изјава дека има на располагање најмалку две екипи за извршување на предметот на набавка.

**Прашање 3:** Согласно најновите технологии и трендови на површинска заштита предлагаме, истите (контејнерски канцеларии) да бидат офарбани со прашкаста електростатска ПП боја која што во поглед на отпорност на надворешните влијанија (дожд, снег, УВ зраци) е многу поотпорна од барањето за површинска заштита на металната конструкција како во техничката спецификација од тендерот. Ве молам да се произнесете по оваа точка.

**Одговор:** Договорниот орган во делот II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ од Тендерската документација утврдил минимални технички барања. Во врска со тоа, за Договорниот орган е прифатливо секое решение со кое економскиот оператор ќе докаже дека се исполнети и постигнати минималните барања, односно подбрување на истите.

**Прашање 4:**. Во тендерската документација во точка II.2 Опис на ставки со минимални барања во последниот дел кровна конструкција, стои дека кровот треба да биде термоизолиран. Со цел за изготвување на квалитетна понуда ве молам за прецизирање на дебелина на термоизолација, топлинска спроводливост итн..

**Одговор:** Имајќи го во предвид видот на постапката кој е дефиниран како постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи, при што во договорите "клуч во рака" услугите и стоките не се набавуваат одделно туку се дел од постапката за избор на изведувач на работите, од економскиот оператор се очекува истото да биде утврдено при изработката на проектно-техничка документација во Основниот проект, при што треба да се почитуваат


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

минималните барања утврдени во точка II.2 Опис на ставки со минимални барања.

**Прашање 5:** Амбулантата Кисела Вода во делот II Техничка спецификација може да забележиме дека е тргната но во делот II.2 Опис на ставки со минимални барања во табелата од овој дел истата таа Амбуланта не е тргната. Ве молам за информација дали оваа Амбуланта во целост е извадена од Тендерот за Амбуланти Скопје и веке не е дел од овој тендер.
**Одговор:** Договорниот орган во тендерската документација ги има наведено објектите кои се предмет на набавка, при што во точка II Техничка спецификација се наведени сите десет објекти, од кои амбулантата на територија на Кисела Вода се поставува за прв пат. Економскиот оператор е потребно својата понуда да ја достави соодветно со точка III Образец на понуда – Техничка понуда, како и III.2. Финансиска понуда.

**Прашање 6:** Дали за да се подготви Понудата е потребно да изработиме Предмер пресметка со количини или Цена по лоакција/паушал?
**Одговор:** Економскиот оператор е потребно својата понуда да ја достави соодветно со точка III Образец на понуда – Техничка понуда, како и III.2. Финансиска понуда, каде што ќе се утврди цена по објект.

**Прашање 7:** Дали количините и спецификациите треба да ги одредиме со Посета на локација и вршење мерки на лице место за секоја локација посебно?

**Одговор:** Економскиот оператор својата понуда ја доставува во Образецот на понуда - финансиска понуда, каде што ќе се утврди цена по објект. Начинот на формирање на понудата ја утврдува самиот економски оператор.

**Прашање 8:** Во цената предвидуваме и трошоци за Проектирање. Дали цената за Проектирање се презентира посебно или е вклучена во пресметка за изведба? Колку % непредвидени работи, вишоци и кусоци се дозволени?
**Одговор:** Договорниот орган во точка 1.2.1 го утврдил предметот на договор во кој се наведени активностите, и тоа изработка на основен проект согласно член 74

став 2 од Законот за градење. Економскиот оператор својата понуда ја доставува во Образецот на понуда - финансиска понуда, каде што ќе се утврди цена по објект.

Комисија за јавни набавки
1. ....................
2. ....................
3. ....................
4. ....................


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 23-1431/8
19-03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Образец на записник од отворањето на понудите

1. Договорен орган (назив и адреса): Министерство за здравство Ул. 50-та Девизија бр.14
2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): 01879/2021
3. Предмет на јавна набавка: Изведба наЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ
4. Проценета вредноста на набавката: Не е објавена
5. Датум, време и место на отворањето на понудите: 19.03.2021 14:00, Министерство за здравство на РСМ
6. Членови на комисијата за јавна набавка:

Претседател на комисија Вања Андонова
*Член на комисија Божин Ложанкоски*
Член на комисија Дамјан Христов

7. Овластените претставници на понудувачите се наведени во евидентниот лист во прилог
8. Вкупен број на примени понуди[1] : 4
9. Поднесени понуди[2] :

| Реден број | Понудувач | Групна понуда | Гаранција на понудата и износ на гаранција / |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЦИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | Да<br>Друштво за производство,трговија и услуги БРАКО ДОО увоз-извоз Велес<br>Друштво за проектантски услуги АКВАВАТ ДООЕЛ Скопје | Про Кредит банка ад Скопје 5.450.000,00 |
| 2 | Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ,АК-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | Не | Халк банк АД Скопје 7.600.000,00 |
| .3 | Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино | Да<br>Друштво за производство градежништво транспорт угостителство трговија и услуги УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ,URBAN PLAN CONSTRUCTION UPC ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | Прокредит банка ад Скопје 7.400.000,00 |
| 600.0004 | Друштво за трговија, производство и проектирање ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Не | Нема доставено банкарска гаранција |

10. Забелешки на овластените претставници на понудувачите:

11. Други податоци што се читаат согласно со тендерската документација:

[1] Во случај постапката да не се спроведува преку ЕСЈН, по исклучок во Законот за јавни набавки, се неведува број на задоцнети/изменети/повлечени понуди

[2] Приказ на понудените цени е даден во табела во прилог

**Записникот е изработен на 19.03.2021 година.**

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија Вања Андонова ..........................

Член на комисија Божин Ложанкоски ..........................

Член на комисија Дамјан Христов ..........................

Зам. Претседател Тања Пехчевска ..........................

## Табела со понудени цени

### Предмет на набавката/Дел од предметот на набавката [3] :

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 245.873.987,00 |

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЦИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 181.425.000,00 |

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ,АК-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 246.178.000,00 |

| Опис | Понудувач |
|---|---|
| Назив на понудувачот | Друштво за трговија, производство и проектирање ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| Валута на понудата | MKD |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | 350.000.000,00 |

[3] Табелата се повторува онолку пати колку што има делови за кои има поднесено понуди

## Евидентен лист на овластени претставници на понудувачите

1. **Договорен орган (назив и адреса):**
2. **Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
3. **Предмет на јавна набавка:**
4. **Проценета вредноста на набавката:**
5. **Датум, време и место на отворањето на понудите:**
6. **Членови на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија Вања Андонова

Член на комисија Божин Ложанкоски
Член на комисија Дамјан Христов

| Бр. | Име и презиме на овластениот претставник | Назив на понудувачот | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | Лиридон Џемаили | ДПГТУУ АК ИНВЕСТ дооел Тетово | |
| 2 | Никола Гравчев | Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЦИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| ... | | | |

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**

Претседател на комисија Вања Андонова ..................................

Член на комисија Божин Ложанкоски ..........................................

Член на комисија Дамјан Христов .............................................

Зам. претседателка

# Извештај за текот на е-Аукцијата на Изведба наЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ

| Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум/Час на отворање на е-аукцијата | Датум/Час на затворање на е-аукцијата | Почетна цена на е-аукцијата | Минимална разлика во понудена цена | Максимална разлика во понудена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01879/2021 | Изведба наЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ | 09.04.2021 14:30:00 | 09.04.2021 14:45:00 | 181.425.000,00 | 1.814.250,00 | 18.142.500,00 |

**Понудувачи кои се поканети на е-аукцијата - почетна ранг листа**

| Име на понудувач | Понудена цена | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | 181.425.000,00 | 1 |
| Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ,AK-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | 246.178.000,00 | 2 |

**Листа на поднесени цени за времетраење на е-аукција од 09.04.2021 14:30:00 до 09.04.2021 14:45:00**

| Име на понудувач | Датум/Час на поднесување нова цена | Цена |
|---|---|---|
| Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | 09.04.2021 14:40:06 | 178.900.000,00 |

**Конечно рангирање на понудувачите**

| Име на понудувач | Цена | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за технички прегледи,испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | 178.900.000,00 | 1 |
| Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ,AK-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | 246.178.000,00 | 2 |

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 23-1431/13

16-04-2021 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02 и 82/08) и член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), Министерот за здравство, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на договор за јавна набавка**

За најповолна понуда, согласно Одлуката за потреба од спроведување на постапка за јавна набавка на работи за **Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака" на работи** бр. 23-1431/1 од 11-02-2021 година, со објавување на Оглас за јавна набавка на ЕСЈН бр. 1879/2021 на 12-02-2021 година за јавна набавка на **Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака" на работи,** се избира:

| **Дел/делови** | **Понудувач** | **Вкупно без ддв** |
|---|---|---|
| Изведба на ЗАМЕНА НА ВРЕМЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКА ДЕЈНОСТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ | Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје | 178.900.000,00 |

Договорниот орган во оваа постапка согласно со огласот и тендерската документација има предвидено гаранција на понудата (гаранција за учество) во износ од најмалку 3 % од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ. Договорниот орган ја активира гаранцијата на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,

не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или

- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр. 24/2019) Министерост за здравство на РСМ – Скопје, преку Комисијата за јавни набавки формирана со Одлука за јавна набавка бр. **23-1431/1 од 11/02/2021** година спроведе постапка за јавна набавка на работи за **Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака"**. Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од буџетот на Министерството за здравство, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Четириесет и четврттата седница на Владата на Република Северна Македонија, број 40-2055/1 од 09.02.2021 година.

Согласно со член 50 од Законот за јавни набавки се спроведе со отворена постапка за јавна набавка на работи.

По спроведување на постапката број **23-1431/1 од 11/02/2021** година, Комисијата за јавни набавки изврши отварање на пристигнатите понуди на ден 19/03/2021 година во 14.00 часот со користење на електронскиот систем ЕСЈН и во просториите на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, на која со свои понуди учествуваа следните економски оператори:

| Р.бр. | П о н у д у в а ч |
|---|---|
| 1 | Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје |
| 2 | Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ, АК-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово |
| 3 | Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино |
| 4 | Друштво за трговија, производство и проектирање ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |

За начинот на работата и постапката спроведена од Комисијата за јавни набавки за наведената постапка состави Записник од јавното отварање на понудите со број 23-1431/8 од 19.03.2021 година. По целосната проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка со број 23-1431/11 од 15.04.2021 година, со кој предлага Министерот на Министерство за здравство на РСМ – Скопје како овластен, да донесе Одлука за избор на најповолен понудувач согласно член 112 од Законот, за понудите кои во целост ги исполниле условите од огласот (тендерската документација) и неизбор согласно член 114 за останатите понуди, за што го дава и следното образложение.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

Понудата на Понудувачот Друштво за трговија, производство и проектирање ПИРАМИД БИЛДИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје се отфрла поради ,,негативна референца или формални недостатоци на понудата,, , односно поради тоа што до денот на отварањето на понудите не е доставена банкарска гаранција за поднесената понуда.

Понудата на Понудувачот Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино се отфрла од следниве причини: во Образецот на понуда - техничката понуда го нема пополнето делот ,,опис на понуденото. Согласно член 109 точка 4 од Законот за јавни набавки. понудата е неприфатлива.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа долука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволниот понудувач има право да поднесе жалба согласно Законот за јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до Договорниот орган и до Дражавната комија за жалби по јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

**Одговорно лице**
**Министер**
**Д-р Венко Филипче**

Република Северна Македонија - Министерство за здравство - Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Shëndetësisë - Скопје - Shkup

Изработил: Вања Андонова
Контролирал: Тања Пехчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 23-9431/17
28-05-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Друштво за технички прегледи,испитување и анализа
ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО
Бр. 03-74
27.05 2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ
**Член 1**

**1.Министерство за здравство**, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс +38923113014, застапувано од Министерот Доц. Д-р Венко Филипче (во понатамошниот текст „**Договорен орган**“) од една страна,
и
**2.** Друштво за технички прегледи, испитување и анализа **ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**, со адреса булевар св. Климент Охридски бр.30-1, Скопје, ЕДБ 4080012529188, ЕМБС 6788726 застапувано од Тодор Анѓушев ( во понатамошниот текст „**Носител на набавката**,) од друга страна.

**Договорниот орган** и **Носителот на набавката** во натамошниот текст заедно ќе бидат именувани како: **Договорни Страни.**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
**Член 2**

Предмет на овој Договор за набавка на работи е Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака”, оглас бр. 01879/2021 за јавна набавка за работи, кој ги опфаќа следните активности:

- Изработка на основен проект согласно член 74 став 2 од Законот за градење
- Припремни работи, демонтажа и рушење
- Градежни, градежно - занаетчиски работи и работа на партер
- Поставување на модуларната градба или група на модуларни градби и тоа на следниве локации:

| Ред .број | ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ОЗНАКА НА ТИПОВИ НА ГРАДБИ | ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ | ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тип А | | катастарска парцела во рамки на градежна парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | А.01 | Амбуланта Бутел | 5067 | Бутел | 531 |
| | А.02 | Амбуланта Влае | 7583/1 | Влае | 540 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Тип Б** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | Б.03 | Амбуланта Ѓорче Петров | 4471/1 | Ѓорче Петров 3 | 606 |
| | Б.04 | Амбуланта Тафталице | 3072 | Карпош | 586 |
| | Б.05 | Амбуланта Козле | 5567 | Карпош | 587 |
| | Б.06* | Амбуланта Кисела Вода | (нова градба - предлог од Општина Кисела Вода)* | | |
| 3 | **Тип В** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | В.07 | Амбуланта Лисиче | 2221/3 | Кисела Вода 2 | 524 |
| | В.08* | Амбуланта Аеродром - Пелагонија | 414 | Кисела Вода 2 | 550 (220)* |
| | В.09 | Амбуланта Автокоманда | 1011 | Гази Баба | 532 |
| 4 | **Тип Г** | | катастарска парцела | катастарска општина | површина на постојна градба м2 |
| | Г.10 | Амбуланта Карпош | 2163 | Карпош | 606 |

## Минимални технички барања за сите типови:

**Изработка на основен проект со сите предвидени фази и позитивен Извештај од ревизија на основниот проект**, согласно член 74 став 2 од Законот за градење како и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење: Ревидиран основен проект фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и канализација, фаза- електротехнички проект); Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување; Геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови. **Припремни работи.** Демонтажа и отстранување на постојни објекти и инсталации, со одвезување на градежен шут до депонија, без кршење на постојни бетонски плочи; Расчистување на локација од дрва и грмушки со одвоз и депонирање на депонија, ископ на земја од III категорија со одвоз и депонирање, насипување на земјен материјал со набивање, за објектот кој за прв пат се поставува; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект. **Градежно, градежни – занаетчиски работи и работа на партер во рамки на градежни парцели.** Исколчување и обележување на објектот према сите технички прописи за земјени работи; Набавка, транспорт и насипување на чакал под подна плоча со распростирање, планирање и набивање со вибрации со д=10-20см до постигнување на минимален модул на стисливост согласно градежните стандарди, за објектот кој за прв пат се поставува односно доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога; Изработка на армирано бетонска подна плоча за објектот кој за прв пат се поставува и/или доколку при отстранување на постојните објекти се покаже потреба од поставување на нова бетонска подлога, односно санирање на постојна армирано бетонска подна плоча, согласно основен проект; Изработка на приклучоци на водоводна, канализациона и електрична мрежа од приклучно место до објект, односно санирање на постојни инсталации; Изработка и одбележување на пристапни патеки за пешаци; Поставување на урбана опрема и зеленило во дворно место; Останати активности кои ќе произлезат од основен проект. **Изработка/набавка, транспорт и монтажа на модуларната градба или групата на модуларни градби**, со меѓуспратна висина од под до плафон од 2,55м и минимални барања - Конструкција: димензионирани челични профили според статичка пресметка за носивост согласно основен проект, челично железо премачкан со електростатско прашкасто

фарбање со епоксидна боја за надворешни влијанија , конструктивен S 235JR или „еквивалент", согласно МКС EN10025-2:2009, дебелина на челичната конструкција најмалку 3мм; Ѕид: Еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице" по избор на инвеститорот, дебелина на внатрешно "лице" најмалку 0,4мм и надворешно фасадно "лице" најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002, фасадно обликување по избор на инвеститорот; Под: поцинкуван лим со дебелина на ѕид 0,80мм - 1,50мм, термоизолација 10 см екструдиран полистирен, челична конструкција со димензионирање на челичните профили според статичка пресметка, водоотпорна иверка 20 мм со соодветен заптивен/амортизационен материјал за поврзување со челичната конструкција, ОСБ плочи, хомогена пвц подна облога во ролни со мин. д= 2мм, со зајакната pur xr заштита, класа на експлоатација 34/43, мин. 3000гр/м2, абразивна група 4.00мм3, погоден и отпорен на абење при експлоатација, отпорен на огин, електростатичен, отпорен на бактерии, хемикалии и лизгање во согласност со EN13501, ISO26987-EN423, ISO846, лепен со соодветно лепило и варен со соодветни електроди, завршно обработен со холкер/форматизер, со радиус 25мм, висина 10 см, со дебелина 2мм на соодветна подлошка, завршниот слој на подната облога да биде обработен без прекини и бариери во поединечните и заедничките простории; Плафон: еколошки ПАНЕЛИ (PUR) најмалку 60mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице", дебелина на пластифициран лим внатрешно најмалку 0,4мм надворешно најмалку 0,4мм, тежина на полиуретанот најмалку 42 кг/м3, топлинска спроводливост најмногу 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002; Столарија: прозори со два степени на отварање и со термопан стакло со димензии и диспозиција согласно основен проект, внатрешни венецијанер ролетни и матирарање на 50% од стаклена површина со фолија, и заштитна надворешна мрежа-комарник; внатрешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект, комплет со потребен оков, квака, брава за заклучување, граничник на под и нумерација на простосторија со натпис за намена на просторија со димензии 12/24 см.; надворешни врати со димензии и диспозиција согласно основен проект по избор на инвеститор; Систем за ладење и греење: инвертер ситем за климатизација – најмалку 3,5 KW; Инсталации: електрична инсталација: ЛЕД светла x 18w, број и диспозиција согласно основен проект; електрични прекинувачи; монофазни надградни приклучоци; монофазни надградни приклочоци за клима уред; разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со автоматски осигурачи; доводна IP табла; Кровна конструкција, кровен покривач: Кровна конструкција изработена од челични профили решетки, со дебелина на челичната конструкција од најмалку 3мм (димензионирање според статичка пресметка во основен проект), со минимум наклон од 10%, завршно покривање од челичен поцинкуван и пластифициран лим, d=0.5мм, со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Кровниот покривач да биде изработен со комплет ветер лајсни, слеме иували, поставен на челична подконструкција. Во кровниот покривач да се вклучи комплет опшивање, вентилирање на кровот, хоризонтални и вертикални олуци, снегобран и громобранска заштита и да биде термоизолиран.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
### Член 3

Изведувачот, работите наведени во член 2 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна вредност од **178,900,000.00** денари без ДДВ, вредноста на ДДВ изнесува вкупно **32,202,000.00** денари. Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува _**211,102,000.00** денари.

Единечните цени за изразување се дадени во понудата, која е составен дел на овој Договор и истите се фиксни и непроменливи по било кој основ.

| **Ред. бр.** | **Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот "клуч на рака".** | **Број на објекти** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Вкупен износ со ддв** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ТИП А** | | | | |
| · | А.01 | 1 | 16,813,433.63 | 3,026,418.05 | 19,839,851.68 |
| · | А.02 | 1 | 17,098,407.08 | 3,077,713.27 | 20,176,120.35 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **ТИП Б** | | | | |
| · | Б.03 | 1 | 19,188,212.39 | 3,453,878.23 | 22,642,090.62 |
| · | Б.04 | 1 | 18,554,938.05 | 3,339,888.85 | 21,894,826.90 |
| · | Б.05 | 1 | 18,586,601.77 | 3,345,588.32 | 21,932,190.09 |
| · | Б.06* | 1 | 18,618,265.49 | 3,351,287.79 | 21,969,553.28 |
| 3 | **ТИП В** | | | | |
| • | В.07 | 1 | 16,591,787.61 | 2,986,521.77 | 19,578,309.38 |
| • | В.08* | 1 | 17,415,044.25 | 3,134,707.96 | 20,549,752.21 |
| • | В.09 | 1 | 16,845,097.35 | 3,032,117.52 | 19,877,214.87 |
| 4 | **ТИП Г** | | | | |
| • | Г.10 | 1 | 19,188,212.39 | 3,453,878.23 | 22,642,090.62 |
| | **ВКУПНО** | | **178,900,000.00** | **32,202,000.00** | **211,102,000.00** |

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
## Член 4

Договорот за јавна набавка ќе биде склучен со времетраење од 24 месеци, сметано од денот на склучување на Договорот и ќе се смета за завршен заклучно со датумот на исполнување на обврските од Договорот.

## РОК И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
## Член 5

Рокот на важност на договорот изнесува 24 месеци.

Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на договорот од страна на договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

Планот за трансфер како и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје.

Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 2 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на најмалку две локации истовремено.

Рокот за поставување на првата група од најмалку два објекти истовремено започнува да тече 2 месеци по потпишување на договорот од страна на договорните страни, а по добивање на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган и,

- писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје

Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Договорот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат, прецизно да се утврдат сите активности на лице место и да се предвидат казнени поени за непочитување и непопстапување согласно утврдениот и одобрен динамички план.

Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен. Доколку надзорниот орган има завршни забелешки, Носителот на набавка треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена. Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не постапи во целост по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

Рокот и местото на испорака се задолжителни.

**Член 6**

Воведувањето на Носителот на набавката во изведувањето на работите опфаќа:

- Предавање на проектна документација на Носителот на набавката за изведување на работите.
- Предавање на градилиштето под кое се подразбира обезбедување на Носителот на набавката право на пристап во објектот за изградба;

За воведувањето на Носителот на набавката во работата, Надзорниот орган составува посебен записник и тоа се констатитра во градежниот дневник.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Се предвидува следниов начин на плаќање:

Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, сметано од уредно извршен технички прием за секој објект поединечно, со доставена завршна ситуација и уредно потпишана фактура од страна на двете договорни страни во архивата на Договорниот орган.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен при изведување на работите да води градежната книга.
Во градежната книга задолжително треба да бидат наведени сите изведени работи.
Главниот инженер за надзор и контрола по приемот на завршната ситуација, а во рок од најмногу 5 работни дена, може да стави забелешка на истата.
Договорниот орган има дополнителни 5 работни денови да достави свои забелешки.
За забелешките Носителот на набавката се известува писмено или преку градежен дневник.

Во случај на непостапување по забелешките, Договорниот орган може да ја одбие исплатата. Главниот Надзорен инженер со свој потпис ги потврдува количините на изведените работи по завршните ситуации.

**Член 9**

Завршните ситуации Носителот на набавка може да ги достави и во периодот на припрема на фактичката изведба доколку извршил набавка на потребни материјали за вградување поврзани со предметот на набавка. Завршните ситуации за набавка на потребни материјали задолжително треба да бидат потврдени од Главниот Надзорен инженер кој со свој потпис ги потврдува количините по складирање и одржување на истите до вградување.

Завршната ситуација се доставува до Договорниот орган најкасно во рок од 5 (пет) дена по истекот на периодот за кој се однесува. Завршната ситуација Носителот на набавката ја доставува заверена и ја поднесува на исплата по завршеното примопредавање на изведените работи.

**Член 10**

Договорниот орган има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавање на работите, врз основа на конечната завршна ситуација.

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за отстранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката на писмена покана од Договорниот орган не ги отстрани тие недостатоци во примерниот рок од 15 дена.

Задржаниот износ, односно неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката во рок од 60 дена од денот на примопредавање на работите, односно веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

**РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА**
**Член 11**

Цените дадени во понудата од страна на изведувачот се фиксни и непроменливи.

**Член 12**

Со овој Договор не се предвидува авансно плаќање.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**
**Член 13**

Носителот на набавката е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите кои се определени со овој Договор, согласно важечката законска регулатива и техничките нормативи, во рокот определен во членот 5 од овој Договор.

- Носителот на набавката треба да изработи и достави ревидиран основен проект (фаза-архитектонски проект, фаза-градежно конструктивен проект, фаза-проект за водовод и

канализација, фаза-електротехнички проект), елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување и геодетски елаборат за нумерички податоци изработен согласно изводот од урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација односно согласно микролокациските услови, во тесна соработка со одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган.

- Носителот на набавката ќе испраќа графички прилози до одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на договорниот орган во електронска работна верзија од тековната изработка на проектната документација, на што договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки. Носителот на набавката е должен да изврши разработка на изведбени детали и нивно одобрување од страна на Надзорниот орган.
- Носителот на набавката по изготвување на целокупната проектна документација има обврска истата да ја достави до Здравствен дом Скопје, кој со барање ке ја проследи до надлежен орган за издавање на Решение во согласност со одредбите од Законот за градење.
- Носителот на набавката е должен да ги започне планираните активност за реализација на набавката откако ќе добие писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници што е обврска на Здравствен дом Скопје. Трансферот на корисници подразбира целосно преместување на сите движни ствари од габаритот на објектот, на претходно обезбедена локација од страна на Здравствен Дом – Скопје.
- Со добиено Решение издадено од надлежен орган, а согласно одредбите од Законот за градење и по добиена писмена нотификација дека е завршен трансферот на корисници, надзорниот орган има обврска да го воведе во работа Носителот на набавката со што започнува рокот за фактичка изведба од 2 месеци на најмалку два објекти.
- Носителот на набавката е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од Надзорниот орган.
- Носителот на набавката е должен завршните ситуации за наплата на извршените работи и/или набавените материјали, заверени од Надзорниот орган, да ги доставува до Договорниот орган.
- Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му го предаде Проектот на изведена состојба по завршувањето на работите, односно по раскинувањето на Договорот.
- Носителот на набавката е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината. Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува
- Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање или уништување.
- Носителот на набавката ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропагање
- По завршените работи, односно по раскинувањето на договорот, Носителот на набавката е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите

материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги поставил и да го исчисти објектот и градилиштето.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН
## Член 14

Договорниот орган е должен да соработува со Носителот на набавката за време на изготвување на проектната документација, преку одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка. Сите графички прилози кои Носителот на набавката ќе ги испрати во електронска работна верзија, Договорниот орган е должен да ги одговори во најкраток можен рок, со цел запазување на роковите предвидени за реализација.

Договорниот орган и Здравствен дом Скопје ќе изготват интерни планови за реализација и трансфер на корисници.

Договорниот орган е должен да именува свој Надзорен орган и со писмо да го извести Носителот на набавката за тоа.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

## ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ
## Член 15

Договорот за јавна набавка може да се измени доколку се појават работи кои не се вклучени во основниот Договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на Носителот на набавката:

а) не е можна од економски или технички причини, и

б) ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на Договорниот орган.

Доколку промената е потребна поради околности кои Договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка.

Доколку првичниот Носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот Носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајки преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на Договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон.

Доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење и измената на Договорот за јавна набавка не е значителна.

Вкупната вредност на измените на Договорот за јавна набавка не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот Договор.

Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно.

Измената на Договорот за јавна набавка се смета за значителна доколку поради неа Договорот значително се разликува од првично доделениот Договор за јавна набавка, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапка за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или

прифакање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на Договорот за јавна набавка во корист на Носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот Договор

в) со измената значително се проширува опфатот на Договорот за јавна набавка

г) друг економски оператор го заменува првичниот Носител на набавка, освен во случаите од ставот 3 на овој член.

Документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околноститепоради кои Договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор, како иобјаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на Договорот.

Носителот на набавката е должен по писмен налог од Договорниот орган и по склучување на Анекс за измена на Договорот во текот на неговата важност, да ги изведе работите кои се појавиле од непредвидените околности.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности, пред отстапувањето на трето лице да му го понуди на Носителот на набавката.

Договорниот орган е должен изведувањето на работите кои се појавиле од непредвидени околности да му ги отстапи на Носителот на набавката, а на трето лице може да му ги отстапи ако Носителот на набавката одбие да ги изведе воопшто или навремено.

## НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ
## Член 16

Договорниот орган има право да врши надзор на изградба над работите на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Стручен надзор на работата на објектот врши договорниот орган преку Надзорен орган кој го контролира видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и на опремата, запазување на предвидените рокови, како и друго согласно Закон за градење и други позитивни законски прописи.

Надзорниот орган полноважно го застапува Договорниот орган пред Носителот на набавката.

Заради вршење на надзор на изградба Договорниот орган има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзор на изградба го врши Надзорниот инженер што ќе го определи Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган вршење на надзор на изградба.

Носителот на набавката е должен да постапи по сите основни барања од Договорниот орган поднесени воврска со вршењето на стручниот надзор.

## НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

**Член 17**

Веднаш по завршувањето на работите Носителот на набавката го известува Договорниот орган дека работите што се предмет на Договорот се завршени.

Носителот на набавката изготвува писмен извештај за изведените работи, согласно Законот за градење.

Изведувачот треба да достави сертификати и записници за техничка исправност на вградените опреми и материјали.

**Член 18**

Договорниот орган, Надзорот и Носителот на набавката се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање.

**Член 19**

Записникот за примопредавање може да го состави само една договорна страна без учество на другата договорна страна во случај другата договорна страна неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не присуствува на поканата да учествува во примопредавањето. Записник се доставува до другата договорна страна. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Носителот на набавката треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Носителот на набавката е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.

## УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 20**

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Надзорниот орган и на Договорниот орган постојан надзор над работите и контрола на количеството, квалитетот и соодветноста на употребениот материјал.

Носителот на набавката е должен во објектот да вградува материјали и опрема во се према одобрената проектната документација и техничките прописи и стандарди за овој тип објекти.

Носителот на набавката е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот квалитет согласно овој Договор.

Носителот на набавката е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да овозможи контрола на Надзорниот орган и на Договорниот орган.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Трошоците на контролата ги поднесува Носителот на набавката. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

Ако Носителот на набавката не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Договорниот орган има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Договорниот орган има право да бара Носителот на набавката да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Ако Носителот на набавката во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Надзорниот органи Договорниот орган и не ги отстрани недостатоците на изведените работи и по задржување насразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците, Договорниот орган може да го раскине Договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета што настанала поради неквалитетноизведените работи и поради раскинувањето на Договорот.

Ако Носителот на набавката не ги отстрани во примерениот рок од 15 дена недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Договорниот органможе, врз товар на Носителот на набавката отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице. Притоа Договорниот орган е должен да постапува како добар стопанственик.

## ДОГОВОРНА КАЗНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
## Член 21

Ако Носителот на набавката, работите не ги извршува во согласност со динамиката на извршување на работите, доцни со изведувањето на работите, тој е согласен на Договорниот орган да му плаќа договорна казна.

Во случај на задоцнување или неисполнување на обврските од страна на Носителот на набавката во утврдениот рок, Договорниот орган има право на договорна казна во висина од 0,3% од вкупнатавредност на договорот со пресметан ДДВ за секој ден на доцнење, но вкупно не повеќе од 3% одвредноста на Договорот.

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

Во случај на доцнење со извршување на обврската или во случај на неисполнување наобврската од страна на носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета идоговорна казна.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

## ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ
**Член 22**

Изведувачот потребно е да достави гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ, во рок од 7 дена по потпишување на Договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 90 дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Банкарската гаранција е услов за полноважност на овој Договор.

Непродолжување на банкарската гаранција во случај на настанати непредвидени околности кои би го продолжиле рокот за реализација на предметот на Договорот регулиран со Анекс на договор, а по претходно барање за продолжување на рокот од страна на Договорниот орган до Носителот на набавката, ќе биде основ за раскинување на договорот како и основ за активирање на важечкатабанкарска гаранција.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот нанабавката не исполни некоја од обврските од Договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од Договорот за јавна набавка согласно договореното, Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт за административни прашања.

Доколку Договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

## ГАРАНТЕН ПЕРИОД
**Член 23**

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со Договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат недостатоци што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со Договорот.

Гарантниот рок за изведените работи изнесува 2 години. За овој период Носителот на набавката е задолжен да врши одржување на објектот и сервисирање на вградената и инсталираната опрема која е нова и неупотребувана.

Носителот на набавката одговара за недостатоците во изработката на објектот што се однесуваат нанеговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од две години од предавањето и приемот на работите.

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање.

Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите.

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок од 15 (петнаесет) дена за отстранување на недостатокот.

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1,2 и 3 на овој член.

**ВИША СИЛА**
**Член 24**

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на Договорот, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Виша сила, според овој Договор, значат настани кои не зависат од Носителот на набавката, кои не се резултат на грешка или невнимание на Носителот на набавката и настани кои што во моментот на склучувањето на Договорот не можеле да се предвидат.

Настани на виша сила според овој Договор се војна или револуции, пожари, поплави, епидемии, карантински забрани или транспортни ембарга и други непредвидливи состојби.

Ако настане состојба на виша сила, Носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Надзорниот орган и Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, Носителот на набавката ќе продолжи и понатамуда ги извршува договорните обврски додека тоа е изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на Договорот, што нема да биде спречено од виша сила.

Ако настаните на виша сила продолжат да траат за период од 60 дена, страните на овој Договор можат, со заедничка согласност да го прекинат договорот, без ниедна страна да сноси одговорност кон другата.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**
**Член 25**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат со меѓусебно договарање,во спротивно надлежен е Основен Суд Скопје 2- Скопје.

**АНТИ-КОРУПЦИСКА КЛАУЗУЛА на Интернационалната стопанска комора**
**Член 26**

Секоја страна се обврзува дека, на датумот на влегување во сила на договорот, нејзините директори, службеници или вработени не понудиле, ветиле, дале, дале овластување, побарале или прифатиле каква било непотребна парична или оствариле друга предност од каков било вид (или имплицирале дека ќе направат или би можеле да сторат такво нешто во кое било време во иднина) на кој било начин поврзан со овој Договор и дека презеле разумни мерки за да спречат нивни подизведувачи, од нив ангажирани лица или кои било трети страни, кои се под влијание, да го сторат тоа.

**Член 27**

Договорните страни се согласуваат дека, во секое време во врска и во текот на Договорот и потоа, ќе се придружуваат и дека ќе преземат разумни мерки за да бидат сигурни дека нивните подизведувачи, од нив ангажирани лица или трети страни, кои се под нивно влијание, дека ќе бидат во согласност со следниве одредби:

1. Договорните страни ќе го забранат следното однесување во секое време и во која било форма, со државни или јавни службеници на меѓународно, национално или локално ниво, политичка партија, партиски службеници, кандидати за јавна функција или директорска позиција, лице со функција или вработен во некоја од Договорните страни, без разлика дали во ова однесување се вклучени директно или индиректно, вклучени и преку трети лица:

а) Поткуп е понуда, ветување, давање, одобрување или прифаќање на каква било непотребна парична или друга предност на, од или за кое било од лицата наведени погоре или за кој било друг, со цел да се добие или задржи деловна активност или друга несоодветна предност, во врска со деделување на договор за јавна или приватна набавка, регулаторни дозволи, оданочување, царина, судска и законодавна постапка.

Поткупот често вклучува:

(1) враќање на дел од исплатеното од склучен договор, на владини или партиски службеници или на вработени во другата договорна страна, нивни блиски роднини, пријатели или деловни партнери или

(2) користење посредници како што се агенти, подизведувачи, консултанти или трети страни, за канализирање на исплати на владини или партиски службеници или вработени во друга договорна страна, нивни роднини, пријатели или деловни партнери.

(б) Изнуда или барање нешто од интерес, се смета за барање мито, без разлика дали е поврзано или не со закана и ако барањето се одбие. Секоја страна ќе се спротистави на каков било обид или изнуда или барање мито и се охрабрува да ги пријави ваквите обиди преку достапни формални или неформални механизми за известување, освен ако за такво известување не се смета дека е контрапродуктивно под околностите.

(в) Тргување со влијание е нудење или барање да се оствари незаслужена предност, преку извршување неправилно, вистинско или претставено влијание, со цел да се добие од јавен службеник незаслужена предност за вистинскиот поттикувач на делото или за кое било друго лице.

(г) Перење на приходните од коруптивните практики споменати погоре е прикривање или камуфлирање на недозволено потекло, извор, локација, располагање, движење или сопственост на имот, знаејќи дека таквиот имот е приход од кривично дело.

„Корупција“ или “Коруптивна практика(и)“ како што се користи во оваа клаузила за борба против корупција на Интернационалната стопанска комора, вклучува мито, изнуда или барање од интерес, тргување со влијание и перење на средствата приходи од овие практики.

